СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 ноември 1991 година

Скопје, ноември 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 25-тата СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 11.XI.1991 г.**

Дневен ред:
Предлог УСТАВ

1. АБДИ ФАИК – 36
2. АЛИУ ЕШТРЕФ – 86
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 9, 88
4. АНДОВ СТОЈАН – 1, 14, 57, 67, 72
5. АРСОВ ДРАГИ – 4, 8, 100
6. АРСОВСКИ БРАНКО - 45
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 11, 12, 13, 14, 48, 76
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 65
9. СИМИТРОВА РАТКА – 72, 91
10. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 63, 95
11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 42
12. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 94
13. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 17
14. МАНЕВ ЕФТИМ - 40
15. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 96
16. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 64
17. ПЕТРОВ ТОДОР – 49, 77, 91
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 97
19. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 16
20. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 2
21. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 28
22. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 46
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 71
24. СТОЈКОВ СРОИЛЕ – 16, 47, 97
25. ТУШЕВ БЛАГОЈ - 21
26. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 15
27. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 44
28. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 22, 60, 69
29. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 78
30. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ - 33
31. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 23
32. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 57

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 ноември 1991 година (прво продолжение)

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дами„и господа пред да почнеме со работа сакам во мое име и во име на потпретседателите на Собранието на Република Македонија, вас и македонската јавност накусо да ве известам за причините поради кои моравме да ја одложиме Дваесет и петтата седница на Собранието на која требаше да го утврдиме Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Раководејќи се од обемната расправа во работните тела на Собранието, како и од аргументите изнесени во Комисијата за уставни прашања при утврдувањето на текстот на Уставот се очекуваше дека со еднодневна работа Собранието ќе го утврди Предлогот на Уставот. Меѓутоа, како што ви е познато во текот на седницата, во нормативниот дел, уште при утврдувањето на член 1, беа искажани противставени мислења и определби. Поради тоа сметавме дека е неопходно да се одржат работни состаноци со претставниците на пратеничките групи, со цел да се изнајдат најприфатливи решенија за сите.

Проценка беше дека ќе се постигне договор меѓу пратеничките групи и дека Собранието ќе продолжи со работа и ќе го утврди Предлогот на Уставот. Од таа причина не беше одложена ниту 26-та седница на Собранието на која беа поканети бројни гости. Во оваа прилика им се

извинувам на поканетите гости, посебно на учесниците на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија што не се одржа седницата на која требаше да се усвои и прогласи Уставот на Република Македонија.

Дами и господа,

Сите вие знаете дека во текот на вчерашниот ден се одржаа повеќе состаноци на пратеничките групи. Меѓутоа, се до вечерните часови не се постигна конкретен договор. Со оглед дека Собранието расправа за исклучително значаен државно- правен документ, оценивме дека е потребно Собранието да работи во полн состав и дека треба седницата да се одложи за денеска. Тргнувајќи од фактот дека сите носиме одговорност за текот на седницата, се надевам дека денеска Собранието ќе работи во полн состав и дека сите ќе настапуваме со аргументирани излагања за да можеме успешно да ја завршиме седницата, со што ќе ги оправдаме очекувањата и заложбите на народот дека Собранието ќе го утврди Предлогот на Уставот, а потоа ќе го усвои и прогласи Уставот на Република Македонија, изразени преку непосредните изјави во средствата за јавно информирање, како и преку бројните телеграми што постојано пристигаат во Собранието.

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господинот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господа,

Пред да почнеме со натамошната работа јас би сакал да го изјавам следново:

Во врска со утврдувањето на член 1 од Уставот и амандманот што беше усвоен, ценејќи го расположениетo и интересот за вакви формулации, предупредувам на надворешно- политичките импликации и можната штетност на оваа формулација за меѓународното признаваше на Македонија, добрососедските односи и односите со пошироката меѓународна заедница.

Предлагачот на овој амандман, сигурно не со лоша намера, го испушти од вид фактот дека ваквата формулација всушност значи рушење на досегашната меѓународна позиција на Македонија, одобрена и од овој Парламент,. Чинам дека со ваква формулација се постигнува токму спротивниот ефект од оној што се сака да се постигне и според мое мислеше, всушност, се нанесува штета на македонските интереси наместо да биде спротивното.

Бидејќи носиме историска одговорност за идниот статус на нашата Република, а со ова можеме да го доведеме во прашање и самото признавање на Македонија на меѓународен план, според мене, има потреба да се преиспитаме бидејќи сношти или претходната ноќ, поточно во раните утрински часови понесени и со силни патриотски чувства едноставно не бевме во состојба да ги процениме сите можни последици.

На овие мои размислувања силно влијание имаа и бројни укажувања на експерти и правници и поголем број на пратеници од скоро сите пратенички групи, дури и од оние кои гласале за овој амандман.

Затоа, нека не ми биде забележано што морам да се посомневам во регуларноста на барањето. Според Деловникот на работата на Собранието сакам да побарам повторно поединечно изјаснуваше за овој амандман. Земајќи предвид дека во салава има и бројни наши претставници што учествуваа во преговорите на Хашката конференција, како и експертите, не

би било лошо и тие да се вклучат во овие мои размислувања.

**СТОЈАН АНДОВ**:

За толкувањето на Деловникот е овластен претседателот со потпретседателите и за тоа не се расправа. Можеме само да се изјасниме сега.

Дали се прифаќа овој предлог?

(Во салата настана жагор од местата каде што седат пратениците на Партијата ВМРО-ДПМНЕ со инсистирање да се даде збор на поедини пратеници).

Нема расправа по тоа прашање.

(Општа галама и надвикување во салата).

По Деловникот, ова е толкуваше на Деловникот и нема претрес. По тоа нема претрес.

(Господин Арсов инсистира да добие збор, а господин Атанасовски станува од местото и се упатува кон говорницата).

Нема претрес по тоа.

Има збор господин Арсов бидејќи бара збор.

Му дадов збор на господин Арсов а не на господин Анастасовски.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Бидејќи ова претседателство на Собранието на Република Македонија работеше во редуциран состав и донесува некои одлуки на кои овде се повикува како такви да ги прифати, излегов на говорницата затоа што како член на тоа претседателство барам, со полно право, да го кажам и своето мислење затоа што се изземам од таквиот став и од таквата одлука

на претседателството во името на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ од која сум предложен во овој состав на претседателството. Сакам, по одземањето на тоа мислење по таквата одлука на ова редуцирано претседателство да го изнесам нашиот став и да го кажам нашето мислење.

Тоа се однесува по предлогот овде што го слушнавме од пратеникот на Реформските сили од која пратеничка група беше предложен и амандманот. Еве, тука сме сведоци, во овој дом и пред целата македонска јавност дека се предлага негово повлекување.

Сакам, со неколку зборови по тој предлог и во врска со тој амандман да го изнесам и да го кажам своето мислеше. Имено...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Амандманот не е ставен на расправа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Не е ставен на расправа, ама ...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Немате што да си кажувате мислење.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Амандманот беше образложен.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Да.

**ДРАГИ АРСОВ:**

На тоа образложување сакам да го изнесам своето мислење бидејќи за нас е неприфатливо и јас имам свој став како што имаше став тоа редуцирано претседателство, да го кажам своето мислење како

рамноправен член. Исто така, како што и вие го барате правото како пратеник и јас го имам истото право како пратеник и ве молам да не ме ограничувате и да не ми го земате зборот. Ние сме овде сите еднакви имаме исти права како пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Господине Арсов, ве молам, јас ја водам седницата...

**ДРАГИ АРСОВ:**

Вие овде зборувате за некаква одлука на претседателството...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, ќе ви кажам...

**ДРАГИ АРСОВ:**

Јас сум исто така рамноправен член на тоа претседателство и барам...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Многу му е драго господине Арсов...

**ДРАГИ АРСОВ:**

Барам да си го кажам своето мислење со неколку реченици. Да го како рамноправен член на претседателството кажам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ама не по амандманот. По предлогот. По предлогот кажете го вашето мислење. По предлогот на господин Поповски.

**ДРАГИ АРСОВ:**

По предлогот.

Пратеникот Наум Симјановски, а тоа го кажа претходниот пратеник, на член 1 за внесување на нов став на текстот на Предлогот на Уставот, со тоа што постојниот став 2 да стане став 3. Своето деловничко право за образложување на поднесениот амандман пратеникот го искористи на самата седница даде пошироко образложение. Пратениците со 66 гласа "за" го изгласаа предложениот амандман и тој стана составен дел на членот 1.

Да ве потсетам, тој амандман гласи:

"Република Македонија е матична држава на македонскиот "народ".

**СТОЈАН АНДОВ**:

Вие повторно расправате за амандманот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

"... и држава на сите граѓани што живеат во неа..."

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, ве молам господине Арсов, немате вие со амандманот што да расправате.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Не расправам, јас само потсетувам како гласи амандманот

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не сте дошле за тоа на говорницата. Побаравте збор и имате збор за предлогот на Поповски.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Јас само потсетувам како гласи амандманот.

Продолжувам за предлогот на пратеникот Поповски и затоа сакам да елаборирам со неколку зборови.

Сакам да потсетам дека пратениците на аргументацијата, ве молам дозволете да изнесам контра аргументација, да изнесам контра аргументација на пратеникот Поповски, ако пратениците со 78 гласа "за" го утврдија членот 1, тогаш сметам дека и ние треба да дадеме една аргументација затоа што тој член заслужува внимание и заслужува да се изнесе една аргументација.

Затоа, претресот и одлучувањето по членот 1 го сметам како завршен. А, претседателот на Собранието го отвори претресот по член 2. Поради познати причини отворениот претрес сеуште не е завршен, односно седницата на Собранието беше прекината од веќе познати причини, нагласувам, кога требаше да расправаме по членот 2.

Собранието денеска ја продолжува својата работа и треба да го продолжи претресот по членот 2. Секое навраќање на членот 1 сметам дека не е издржано и никаков аргумент деловнички или политички не е доволен, ниту силен да го врати назад тркалото на времето.

Дадените 66 односно 78 гласови се доволни да се изгласа и утврди членот 1. Со тоа амандманот поднесен и утврден стана амандман на Собранието и воедно Собранието со гласање го утврди членот 1 онака како што беше предложено на самата седница.

Што се однесува до отворањето, да се постави прашањето за одлучување дали Собранието треба да расправа по амандманите поднесени од пратениците овде како што беше поставено, мислам дека изричито не држи, е неодмерено и таквото инсистирање не го прифаќам.

Деловникот на Собранието ја пропишал постапката за предлагање

изјаснување, утврдување односно кога амандманот станува составен дел на предложениот текст на Законот. Во овој случај на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија. Во член 336 од Деловникот на Собранието е децидно наведено и не остава простор за манипулација односно толкуваше на секого како што сака и како са^ка тоа да го прави односно за амандман да се води посебен претрес и да се одлучува поинаку. За амандманот има право да се изјасни подносителот. Тоа ние го видовме и го слушнавме. Меѓутоа, таа аргументација за нас е неприфатлива.

Амандманите поднесени по текстот на Предлогот на Уставот ги разгледуваа сите собраниски комисии и се поддржани тие амандмани, вклучувајќи го и овој амандман што беше овде поддржан од целото Собрание. Затоа предлагам ние да ја продолжиме расправата по членот 2 бидејќи на расправата за член 2 беше и прекината седницава.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ајде да се договориме.

Збор побара господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Пратеникот на Реформските сили односно Либерална партија излезе без никаков аргумент. Само кажа дека од историска гледна точка се повлекува.

Ќе ве молам луѓе, ако ја сфаќаме сериозно работава, личиме на Парламент или на куклен театар? Еве зошто, ќе ви кажам. Во кукленито театар фигурите имаат конец. Еден е задолжен да ги влече конците. Транг конецот, дигни ја раката куклата. Е сега, да не продолжувам.

Реков, пратеникот рече дека бевме преуморени и прифативме една точка која не требаше да се прифати. Ве молам, пак ќе ве прашам, претставуваме ли некој народ или сме куклу на некого? Не значи, во овој случај човекот што ги движи конците се успал. И, престанаа кукливе. Сега треба некој да се разбуди и да почне играта. Немојте бе луѓе така. Ни се смее светот.

Најголема историска задача кај нас тука е да донесеме Устав. И сето она за кое дигнавме рака како кукли и ли како луѓе, да го почитуваме. А, ми се чини дека ние сме луѓе избрани од на- родот и народот тој амандман, таа точка ја прифати. Срамота е сега, е тука ќе биде историска кривица и грешка и ќе бидеме осудени ако почнуваме пак од почеток.

Ве молам, тоа што го гласавме е гласано. Оди на ред втората точка. По тоа ќе продолжиме! Само така ќе донесеме Устав. Утре некој ќе рече мајката ова што го направивме, грешка е. Значи пак се успал тој со конците. Пак треба поново да проигруваме. Не чини.

Јас малку ве насмеав, но тоа не е хумор. Тоа е вистината на овој наш Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господа пратеници, кога се јавив пред два дена јас гласно размислував и поставував некои прашања, да ве потсетам, ако не одговоривте, ако се сеќавате на моите прашања и ден денес не е доцна да размислувате.

Нас, за малку ќе не убедеа ако до 24,00 часот на вчерашниот ден не го усвоивме Уставот Европа ќе реагира и ние ќе ги почувствувавме тие реакции. Но, Европа е мирна. Помина еден ден, ќе поминат веројатно и два

дена и три и се повеќе ќе бидеме уверени дека тоа не било вистина.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, држете се за темата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да, благодарам.

Во своето образложение зошто треба да се продолжи таму каде што запревме, сакам да изнесам неколку аргументи.

Нормално дека концепцијата на одвлекуваше на вниманието со процедура од суштината во врска со овој документ мораше во еден момент да доживее криза заради тоа што таа концепција сепак, требаше да ја спроведат луѓе. Луѓе со сите свои несовршености, а не луѓе механизми. Луѓе, кои што, ете, можеби одбрани специјално да бидат тврдокорни и да немаат совест, но наеднаш откриваат дека имаат и дека во нив имало помалку совест.

Тоа слабо место проработи, секако под оној притисок таа вечер што се чувствуваше во салата и во просториите на Парламентот, сведено под зборот "предавство". И, нормално, концепцијата треба да се брани, а за да се поправи ситуацијата треба да постои сценарио. Во сценариото, кое ми беше познато, кое што беше направено вчера претпладне, гледам денеска има мала измена. Сомневањето во гласањето требаше да дојде од претставник на ПДП и НДП. Но, се појави Македонец, така е поелегантно.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение)

Тука повторно се наметнува една дилема за сите нас. Какво е тоа време во кое живееме да може да се донесува Устав и да мора да се донесува со мал дел на граѓани од немакедонско потекло кои што не покажаа лојалност, а да не е важно што ќе отсуствуваат пратеници од македонскиот Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам држете се за темата, за тоа што дојдовте на говорницата. Само за тоа зборувајте.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да не е важно што може да отсуствуваат пратеници за кои стојат три четвртини од македонската популација.

Сакам како парирање на она што се сака како комплекс да ни се наметне овде на дел од партиите дека не го сфаќаме моментот и она што Европа и европските процеси значат. Да ги потсетам и оние кои што се креатори на вака замислената концепција дека Македонија во Европа не може со декрети да влегува.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Зборувајте за предлогот ве молам.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За предлогот зборувам, за концептот на Уставот бидејќи тоа е спорно.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не, тоа не е на дневен ред. Зборувајте за тоа што дојдовте овде.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во образложението на Поповски стоеше дека зборот "матична" е неспоив со европска опција. За тоа зборувам и ве молам да покажете малку трпение.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Јас ве молам држете се до Деловникот и внимавајте за што зборувате.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Тактиката да ме оневозможувате па дури и да го искористите правото да ме отстраните од говорницата нема да ме изненади ве молам таа не е успешна веќе.

Значи, Македонија може во Европа преку европски производ. Само така може, а не можеме ние да влеземе формално со декрети и отстапки и Македонија може на колeници да падне, а Европа нема да ја прифати. Не е таа цената со која што Македонија може да влезе во Европа и Европа не го ни бара тоа.

Но, да забрзам малку бидејќи господинот претседател е нестрплив.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Јас само ве замолив да се држите за Деловникот бидејќи излезе надвор од расправата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Зборот "матична" можеби не упатува на граѓански устав што за мене е малку чудно,бидејќи јас не знам дека постои граѓански и национален устав, освен она што може како оценка да произлезе од содржината и вредносно. Но, ја сум сосема убеден дека оние кои што бараат граѓански услов сосема искрено го бараат тоа. Ако се земе во кое време живее Македонецот и со

какви егзистенционални проблеми е соочен, јас верувам дека тие што бараат граѓански устав, кој што имаат и те како решена егзистенција и кои што се вистински граѓани на Европа, па можеби и во европските банки, имаат обезбедено егзистенција, тие немаат дилеми да влезат во таква Европа. Но, оние обични луѓе кои што немаат греење на кои што името млеко им е измислена именка, чии деца се без можност за привилегирана интервенција гинат на боиштата низ Југославија, благодарение на лицемерието, пред се, овде во Парламентот што повеќе месеци се случува. Тие не може да сфатат таков граѓански устав. Тие бараат национален устав затоа што Македонија мора еднаш да ги постави темелите на своите интереси и јасно да ги искаже.

Двете ВМРО односно ВМРО, бидејќи има такво членство, ги има обичните македонци, ја има одговорноста, го има правото стекнато од тие македонци и обврската да ги извршува и да ги брани тие интереси. Ние не можеме да бидеме соучесници на она што денес сте го замислиле господо да го направите во македонскиот парламент. Наше покритие нема да имате ни пред историјата ни за дневно политичка потреба.

**СТОЈАН АНДОВ**;

Господинот Голубовски си задоволи да ја прошири темата па зборува за она што не е на дневен ред.

Само го потсетувам за неговата партија ВМРО-ДП, за која вели дека зад неа стои популацијата македонска, не била на избори и не е верифицирана од никого.

Понатаму само да дадам една напомена .

Господинот Арсов овде долго зборуваше за редуцирано претседателство. Претседателството на Собранието го сочинуваат и

потпретседателите а учествува во работата и секретарот. Господинот Арсов сам си даде оставка, ја поднесе оставката, сеуште не сме ја разгледувале овде на седница. Во меѓувреме, е он потпретседател, како што рече полноправен член на претседателството. Се што имаше да каже можеше да каже, бидејќи беше уредно поканет на седницата на претседателството. Не дојде и не кажа. Според тоа тој ја искористи говорницата овде и со една , така да кажам, дезинформација дека не бил на седница на претседателството. Да ви кажам он не дојде, а беше поканет.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ;**

Можеби нема врска со дневниот ред, но би сакал да му реплицирам на господина Мерсим Положани. Не ми дадовте тогаш шанса бидејќи седницата ја прекинавте, па ја користам говорницата сега да кажам она што го мислам.

Ние плурализмот во Македонија го очекуваме и како можност за полно автоном но политичко изразување на разни субјекти Во тој контекст разбирливо е изразувањето на припадниците на националните малцинства на Македонија. Ние не очекуваме дека набрзо по основањето партијата за демократски просперитет во Македонија и НДП, номинирани,како граѓански партии од нивните редови на македонската политичка сцена ќе се настапи со заканата ќе следат против мерки доколку властите не ги задоволат нивните барања.

Најпрвин сметаме дека оваа закана се противи на принципот на владеење на правото. Потоа не меѓународните норми кои пропишуваат граѓанска лојалност. Како таква заканата претставува агресија кон Македонија како правна држава спрема македонскиот народ како и спрема целото лојално македонско граѓанство.

Ноќта на 9-ти ноември заканата беше апострофирана, обновена на најотворен начин. Оваа закана спроти донесувањето на Уставот на

самостојна и независна Македонија не придонесува за мирната интеграција на Македонија во Европа.

Апелирам ова Собрание во претстојната расправа во полна мерка да ги почитува принципте на европската демократија на која и се туѓи секакви закани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Јас ќе ве замолам, во најмала мера да нема дезинформации, ништо повеќе не би кажал.

Имам овде извадок од весникот Нова Македонија кој скоро во целост го цитира мојот збор што го кажав на крајот од  завчерашната седница.

Јас едноставно реков, немаше никаква закана, напомнав дека во тој устав сакам да се најдам себеси, мислев на албанскиот народ, дека кон Албанија не гледам како на матична земја. Матична земја ја гледам Македонија, а тоа автоматски значи и лојалност кон Македонија, а не лојалност кон одредени газди со бради и нивни другари без бради.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам немојте со такви изрази и навреди. Внимавајте што зборувате.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не сакам никој да го сфати тоа што сега ќе го кажам како реплика. Сакам да дискутирам околу ова прашање.

Нова Македонија е Нова Македонија. Ние овде имаме и стенографски белешки па можат да се видат. Но, јас колку што слушнав, а имам добар слух, слушнав дека од овде, од оваа говорница се искажа една закана со крвопролевање. Ќе ве молам да нема и понатака инсинуации, ред е средствата за јавно информирање во целост да ја објават како што е искажана таа мисла од господинот Мерсим Положани.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Макар што сакав да се јавам малку подоцна, меѓутоа дискусијата така почна да тече и сметам дека треба конкретно да дојдеме до доредени заклучоци и да почнеме да работиме така како што и треба да работиме, да работиме во името на македонскиот народ, бидејќи македонскиот народ не избра овде и дојдовме ние нему да му служиме, а не тие нас да не служат.

Ќе почнам малку од подалеку затоа што сметам дека е редно овде веќе да се каже точната вистина што ние треба да имаме предвид, а што не треба да имаме.

Прво И основно што се однесува до седниците што ги држиме овде, да кажеме дека наназад 34 и 5 месеци седниците ги одлагаме една од друга и наоѓаме изговор

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам држете се за темата за тоа што го поставивме на дневен ред.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ќе кажам јас за тоа за што зборуваме, но сакам да го образложам тоа што треба да го кажам.

Во однос на седниците да кажам дека не ги одлагаме и секогаш наоѓаме изговор зошто ги одлагаме. Меѓутоа, не би требало така.

Нашата партија ВМРО-ДПМНЕ од неговото формирање до денешниов ден е асимилирано, стално понижувано, стално спомнувано, и постојано изигрувано. Изигрувано е заради тоа што нашите предлози се земаат вакви и онакви. Со нашата програма што ја имавме ние уште во почетокот кажавме каква е нашата програма. Нашата програма е национална програма и ние се . бориме за просперитетот на македонскиот

народ кој народ од дамнина уште се борел. Дојде времето сега на еден ваков начин да ја искажеме целокупната наша замисла која треба да ја има македонскиот народ. Закани имаше разни. Ако ние предложевме некој предлог, нашиот предлог воопшто не беше прифатен. Нашиот предлог секогаш беше надгласуван, секогаш беше предлог како недостоен, било тоа да се работи од оваа говорница, било тоа да се работи од информативните средства било од каде. Тие постојано беа напаѓани дека не се вакви и онакви.

Што се однесува понатаму до уставот, ние знаеме дека уставот треба да донесеме јасно ни е на сите нас, слушаме, гледаме, читаме, гледаме и нашите раководители како се залагаат нешто да постигнат било тоа да е во Хаг, било да е во разни контакви, било каде. Ние како партија ВМРО-ДПМНЕ, се залагаме да се донесе устав но каков устав да се донесе. Устав кој што експертната група го нарече граѓански устав.. Меѓутоа, по мое сфаќање вака лаичко, бидејќи јас не сум правник и во таа правна работа не сум многу знаење. Меѓутоа нашиот устав и залагањето на ВМРО-ДПМНЕ не е да се донесе точно онаков граѓански устав како и што се бара. Ќе ме прашате зошто? Затоа што треба да имаме малку и националности. Националноста треба да биде застапена, македонштината треба да биде застапена затоа што на македонскиот народ му се пружило прв пат, можам да речам во историјата негова да донесе еден таков национален устав. Затоа ВМРО-ДПМНЕ се залага за еден таков национален устав.

Што се однесува понатаму до предлозите и амандманите што ги имаме предложено, да кажам дека ние ги имаме предложено тие амандмани онака како што и треба да бидат предложени, онака како што нашата партија замислува. Ако други замислуваат поинаку, во тој случај се знае, амандмани има и по тие амандмани ќе има  гласања надгласувања и

што ти јас знам тие работи што треба да бидат донесени на оваа седница.

Малку јас можам да се вратам на ова наше заедништво бидејќи јас произлегувам од средината на заедништвото каде што живееме со години, не сега туку со години наназад живееме со албанското и турското малцинство. Ние имаме доволно заедништво.

Досега сме имале добри разбирања. Разбирањата кои што биле помеѓу нас, помеѓу албанците и нас македонците никогаш не сме имале недоразбирање. Секогаш сме имале компромис. Меѓутоа, со јавувањето на тој на плуралистички начин, со јавувањето на овие расцепувања, почна двоењето меѓу албанскиот и македонскиот народ. Почнавме да се двоиме и да докажуваме кои сме и што сме. Меѓутоа, сметам дека таквата работа допринесе за една ваква ситуација, за еден ваков начин на живеење кој сега го имаме.

Што се однесува за тоа какво било живеењето да кажам дека секогаш сме имале разбирање. Меѓутоа кога веќе ние имаме едно такво разбирање, кога сме имале, зошто сега да немаме разбирање со албанскиот па и турскиот народ кој што сега во нашиот крај е многу мал, бидејќи педесеттите години замина и се населија повеќе од албанската националност. Населувањето од албанската националност беше такво што наталитетот беше толку голем и не можевме ние да одиме во корак со нивниот наталитет и да дојдеме до една одредена цел.

Што се однесува до овие амандмани што ги имаме поднесено, поготово еве ќе се вратам малку на двојазичноста. Ние двојазичноста ја имавме во времето од донесувањето на уставот од 1974 година. Таа двојазичност беше кај нас, меѓутоа албанците тогаш постојано се бунеа и викаа зошто ние да пишуваме на албански и македонски, мора да пишуваме на албански.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ**: (Продолжение).

Сега нешто друго бараат. Бараат да имаме рамноправност во локалните самоуправи. Во локалните самоуправи треба да имаме, тие никогаш во нивната историја не се асимелирани во однос на зборувањето. Секогаш тие си зборуваат на својот мајчин јазик. Никој не им оспори. Дури имало и случаи и ние македонците ако се најдеме, меѓу тројца и четворица албанци, тие зборуваат на албански јазик, без разлика дали ние го разбираме тој јазик или не. Никогаш не сме имале против што тие зборуваат на таков начин. Нека си зборуваат. Меѓутоа, мое мислење е да бараат паралелност со нашиот јазик, јас мислам дека е тоа премногу барање.

И на крајот сакам да кажам една изрека од Гоце Делчев, кој што рекол: Кој знае дали има народ кој толку многу страдал од своите синови изроди, како што се македонците. Сполај му.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, изгледа дека дискусијата ја вративме на начелна. Мислам дека начелната дискусија заврши. Кој што имаше да каже, кажа. Јас немав ништо да кажам и не кажав. И не сакам воопшто да злоупотребувам вашето време, зашто сум го испуштил моментот, сега за начелни работи да дискутира. Јас ќе кажам само една мала дигресија, ако ми дозволите. Тука упорно слушам Македонскиот интерес е овој, македонскиот интерес е оној. И јас се обидувам да го идентификувам тој интерес. И верувајте ми не можам да го идентификувам, затоа што има различни критериуми за определување на тоа што е македонски интерес. Јас имам свое видување за македонскиот интерес и тој го почитувам до крај. Меѓутоа, разликите меѓу одделни пратеници и пратенички групи се очигледни. Зошто ние денеска повторно ја враќаме дискусијата. Затоа што

истите тие луѓе што тврдат дека Македонија треба да добие устав, тие упорно настојуваат Македонија да нема устав. Тоа е очигледно. Дајте да престанеме, дајте да работиме на донесувањето на Уставот на Република Македонија, бидејќи тоа е нашата задача.

Ако сакаме да организираме една седница на Собранието со директен телевизиски пренос и јас предлагам, јас ќе ги замолам сите пратеници од нашата група да бидат присутни и да им дадеме а можност на другарите од ВМРО-ДПМНЕ нека го убедат македонскиот народ дека интересот на Македонскиот народ е антиалбански, односно антиалбанската политика. Ако успеат да го убедат, тие да му докажат на македонскиот народ дека својата среќа треба да ја гради врз несреќата на некој друг, јас во тоа чисто се сомневам. Тој што тоа го смета дека интересот на Македонецот е несреќата на другиот, тој го омаловажува, заправо го потценувам сопствениот народ. Јас ве уверувам дека македонскиот народ тоа не го мисли, затоа што тоа не е неговиот интерес. Настојувањата да се брише зборот "сожителство"од Уставот имплицира на многу други работи кои сега не сакам и немам желба да ги елаборирам.

**БЛАГОЈ ТУШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас сум човек кој што верува дека може и да се згреши. Господинот Симјановски поднесе амандман•последен сите партии имавме амандмани. Господинот Поповски даде образложение. Верувам дека може да се направи и грешка. Ние сите сме луѓе, народ, кој можеме и да згрешиме. Единствено само господ бог е непогрешив. Но многу ми е чудно дека сите амандмани каде што постоеше дека Македонија е држава на македонскиот народ и сите оние кои што живеат во истата и кога го стававме на гласаше, јавно пред македонската

јавност, за жал маса пратеници од овој Парламент гласаа против дека Македонија е држава на македонскиот народ и затоа ние го прифативме амандманот на господин Симјановски. За жал тука гласаа и луѓе кои што имаат и големо политичко искуство. За жал воздржани беа Ханџиски и Тито Петковски и господинот претседател на Парламентот и ред други кои што беа воздржани дека Македонија треба да биде држава на македонскиот народ. Затоа го прифативме амандманот на господинот Симјановски да биде Македонија држава, матична држава на македонскиот народ, затоа што сите амандмани беа исцрпени господа дека во овој ј дел на член 1 од Уставот пишува дека Република Македонија е суверена самостојна демократска и социјална држава, ништо повеќе, а на кого е не знаеме и ние пратеници. И за жал маса од нив гласаа. против и воздржани, дека Македонија не може да биде на Македонскиот народ и на оние кои што живеат во Македонија. Затоа ние го прифативме и амандманот на господинот Симјановски. А господин Положани јас истовремено да ви кажам дека немам чувство дека Македонија мириса на барут. Можеби вие имате дома барут. Јас не го чувствувам тој мирис на барут во Македонија.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи иста ноќ беше направен преседан два три пати со амандманите на господин Голубовски и на другите, уште таа ноќ кажав дека тоа е непримерно за работата на Собранието, бидејќи беше направен преседан, ние како пратеничка група изразивме сомневање во гласањето и баравме повторно истиот амандман да се стави поединечно на гласаше. Затоа, иако авторот на тој амандман сега и се откажува, барам да работиме како што работевме. Правевме преседан и сега истиот преседан да го направиме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи е веќе очигледно дека не се води расправа, ниту по амандманот, ниту по предлогот што беше даден на почетокот на оваа седница и бидејќи е очигледно дека продолжуваме во истиот тон и со истата онаа атмосфера, онака како што и завршивме тогаш, со една единствена цел, без да ги замарам, ниту пратениците ниту сите присутни, меѓутоа, со една намера, а тоа е доколку може да се апелира до целиот парламент до сите парламентарни групи, ако навистина е цел, основен да се донесе устав на Република Македонија, тогаш да се обидеме да воспоставиме толерантни односи меѓу нас, да воспоставиме една работна атмосфера која што овозможува еден таков устав да се донесе.

Мислам дека во досегашниот тек на седницата внесовме премногу емоции, страсти, а нормално тоа се одрази и на одмереноста во работата и притоа не се обидувам да издвојам никого, ниту пратеничките групи ниту некои пратеници поодделно, мислам дека тоа може да се однесува во целина на работата на овој Парламент.

Мислам дека ја изгубивме работната атмосфера на седницата, а од друга страна донесовме премногу навивачки жар, како да се наоѓаме на некоја фудбалска утакмица, заборавивме дека тука не сме дојдени да се испразниме, да се испукаме, да ги образлагаме нашите внатрешни страсти, да ги лечиме нашите лични комплексни, туку дека се работи за седница на највисокото законодавно тело на Република Македонија кое треба да го донесе највисокиот државно правен акт на Република Македонија, Уставот. За да дојдеме до вистински одмерен устав, треба пред се, да бидеме водени од разумот, од струката, од знаењето, од науката и од виталниот интерес на Република Македонија, водејќи сметка за нејзината иднина.

Некој од пратениците за време на своите излагања повеќе гледаа во камерата отколку во салата, повеќе се обраќаа на граѓаните, или на народот, отколку на пратениците, што говори дека никако не можеме да се ослободиме од нашите индивидуални или колективни оптоварувања, да се каже токму во овој момент она што пали кај народот, што е профитабилно, и притоа не водејќи сметка дали од тој збор кажа овдека, можеби веќе уште утре тој ист народ нема да трпи некои последици, заради тој и ќе не проколнува и тој и генерациите што ќе  следат потоа. Ние во ова Собрание во неколку наврати градевме една платформа на Република Македонија за водењето на нејзината политика. Притоа, мислам дека горе долу се постигна еден консензус помеѓу сите нас кои се тие витални интереси на Република Македонија. Се определивме дека витален интерес на Република Македонија е стекнување или заокружување на нејзината државност и стекнување на самостојност и сувереност, стратешки витален интерес.

Дали овој Устав кој што е пред нас тоа го овозможува или не. Мислам за тоа прашање дилеми нема. Овој устав токму е вграден како за една самостојна и суверена држава.

Второ, витален интерес на Република Македонија, нејзина стратешка определба е зачувување на нејзиниот територијален интегритет и политички субјективите. Дали овој устав тоа го овозможува, таков како што е во изворниот текст, изворната форма каков што го добив од Уставната комисија. Сметам дека и тој услов е задоволен.

Стратешки интерес на Република Македонија е нејзино вклучување во европските интеграции. Притоа, никој да не се залажува дека условите под кои што ќе влеземе во Европа ние треба да ги пропишеме. Ние сме тие што бараме да влеземе во тоа друштво и сосема е јасно дека тие ќе ни ги

пропишат условите, стандардите и нормите кои што мораме ние да ги прифатиме, ако сакаме да се најдеме во нивното друштво. Меѓутоа, ние се наоѓаме во моментот кога не треба да се фати последниот воз, туку последниот вагон од тој воз, ако сакаме да ги зачуваме шансите да се најдеме во тоа друштво на обединета и развиена Европа, ако не, ќе останеме не Европска, туку балканска провинција на која повеќе ќе и одговараат споредбите со Централна Африка, отколку со оние во чие друштво сакаме да се видиме. Тоа значи дека и во нашиот највисок државноправен кат, конститутивен акт Уставот, тие стандарди и тие норми на таа Европа ние треба да ги вградиме. Дали со тој устав тоа се овозможува? И тој услов овој Устав го исполнува. Очигледно досегашната расправа покажа дека прашањето по кое се ломат и се ломеа копјата е национално прашање. Притоа, на виделина излегоа сите наши фрустрации и оптоварувања. Без оглед на националната припадност. Тоа важи и за пратениците кои што припаѓаат на македонскиот народ и припаѓаат на албанската националност; и тоа на некој начин може да се сфати. Не може секој со тоа да се согласи, но тоа мора да се прифати како еден факт. Сепак овој народ е најоспорованиот народ и ден денес и низ историјата и нормално е дека во секого од нас .лежи таа една желба и за самопризнавање, меѓутоа и за севкупно признавање. И од тука може да се разбере инсистирањето на тоа овој устав да добие национално обележје и национален карактер. Меѓутоа, дали со тоа се постигнува таа намера. Тоа е основното прашаше. Кому треба да докажеме дека оваа држава каде што Македонскиот народ ја остварува својата државотворност, себе си или на другите. Имавме завчера прилика да чуеме толкување од луѓето во најмала

рака заради струката која што ја застапуваат треба да го респектираме нивното мислење што беше речено дека во овој момент во Европа нема ниедна држава со национален устав, или дефинирана во Уставот како национална држава. Хрватска се обиде тоа да го направи и видовме во каква ситуација се најде. Дури и Србија која што води таква националистичка политика па во својот устав се обидува да се прикаже во таа Европа како граѓанска Ѓ* држава, па вели е држава на рамноправни граѓани. Ќе бидеме ли ние свесни за тоа или нема да бидеме. Или ќе тргнеме по патот кој што беше во една прилика, речено во Србија, ако треба и корења ќе јадеме, ама условите што ги пропишува Европа нема да ги прифатиме. И времето како што оди покажува дека на крајот таму и корења ќе се јадат,ама и условите што ги пропишува Европа ќе бидат прифатени. Тоа е едната работа.

Втората работа што сакав да ја кажам е таа, само за момент ќе с< вратам на една од претходните дискусии каде што се рече дека никаде во овој устав не се споменува дека оваа држава е држава на Македонскиот народ и мислам заради тие граѓани на кои што постојано некој им се обраќа и кои што многумина од нив немале прилика да го погледна Уставот да ве потсетам дека во делот од преамбулата се вели, како од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на Македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и други националности итн. Ако веќе говориме за тоа сите овие одредби од Уставот треба да ги презентираме пред Македонската јавност.

Втора работа која што сакав да ја кажам е таа дека сите ние тргнуваме од аспект со желба што е можеби нормално своите визии, своите мерки, своите критериуми што е добро за Македонија, да ги наметнеме и на останатите. Тоа е добро, заради тоа постои и тој политички плурализам и меѓупартиска конкуренција. Меѓутоа, една конкуренција не смееме да заборавиме. Ниедна партија во овој Парламент нема такво мнозинство, да може да ги обезбеди токму своите погледи да бидат вградени во Уставот. И овој Устав, овој изворен текст на Уставот, кој што е прочистуван во повеќе наврати низ Уставната комисија е всушност реален одраз на односот на политичките сили во Република Македонија. Ние од тоа треба да тргнеме и ние како партија имавме еден куп амандмани, кои што ги предложивме, некои од нив беа прифатени, поголем дел од нив не беа прифатени во Уставната комисија, меѓутоа, свесни дека овој Устав е огледало на односите на политичките сили во Република Македонија. Не може Социјалдемократскиот сојуз од 31 пратеник своите погледи да ги наметне на сите останати. Ќе мора да се помири со тоа дека некој од нашите погледи, некој од нашите предлози нема да бидат усвоени. И токму од тие причини, би сакал да навестам дека ние вчера на Пратеничката група донесовме одлука, ја користам оваа прилика пред Парламентот на Република Македонија да кажам дека сите амандмани што се предложени од Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија или индивидуално од пратениците ги повлекуваме се со цел поуспешно да се спроведе работата на оваа седница и да дојдеме до новиот устав на Република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, следејќи ги внимателно дискусиите за вчерашниот ден и денешниот извлеков неколку констатации. Во однос на она како почнала седницата искрено кажано тоа јасно ми беше ставено до знаење, тоа го познававме и ете истото дојде и сега треба само да се реализира.

(во текот на дискусијата на пратеникот Александар Спировски дојде до расипување па дефект на техниката, поради што беше дадена пауза.

(Пауза од 14,20 до 13,05 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор господинот Александар Спировски.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Инициран од предлогот кој беше поднесен на оваа седница за повлекување на амандманот во врска со членот 1, сакам да укажам што се сака с€ да се постигне со тој предлог, а воено да ги искажам и назначам барањата во една воопштена форма, која сака да ги изнесе Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на оваа седница, од причина што во вчерашниот ден како и претходните денови, ние не обезбедивме контакти со другите пратенички групи во смисла на размена на мислења, во однос на содржинската смисла на нашите амандмани. Во таа смисла сакам да ја насочам нашата дискусија која ќе се одвива на нашата седница подоцна по тие амандмани и она што не очекува односно ефектот што ќе постигнеме со самото поднесување на оваа седница.

Сметам дека оној предлог кој завчера беше поднесен од господинот Наум, а денес истиот тој немаше храброст да го повлече, туку преку господинот Поповски беше искажан на оваа седница;беше очекуван и со наши сознанија истиот е во корелација односно договори меѓу пратеничките групи на СДС, Реформисти сили, Социјалистичката партија и НДП и ПДП. Тоа е нашиот резултат. Нормално може да се реплицира ако некој мисли поинаку.

Ние не учествуваме во такви разговори, не бевме повикани, имавме една средба со господинот Андов во нашата просторија таму, меѓутоа и јас не ги барам сега грешките дали ние требаше да одиме кај господинот

Андов или обратно. Главно, ситуацијата е таа што ВМРО апсолутно по однос на амандманите по овој Устав независно ќе постапува.

Воедно, мојата дискусија ќе биде и реплика на дискусијата на господинот Црвенковски и господинот Гошев и на некои други останати дискутанти кои го зедоа правото на оваа говорница и дискутираа во однос на некои одредби на Уставот во однос на демократските форми, граѓанските права итн. Сметам дека и веднаш одговор на господинот Црвенковски работните тек на оваа седница ние навистина го испиштивме и тој предлага ние сега да дискутираме односно да работиме по Уставот работно. Ќе работиме по Уставот работно, тоа го тврдам, меѓутоа нека се стави во нашата положба. лесно му е на господинот Црвенковски кога зад себе има 58 пратеници и вклучени 23 само за оваа потреба. А ВМРО ќе дејствува онака како што мисли и механизмот на гласање ќе си го стори своето.

Сепак, јас би се задржал на тоа да укажам што сака ВМРО со Уставот.

Ја знаеме суштината и значењето на овој Устав, што значи тој за Македонија во овој момент. Знаеме што значи да се донесе и да не биде донесен. Знаеме како може истиот да биде прејудициран ако ВМРО за него не гласа. Исто така, знаме дека тоа може да се користи дека штети на интересите на македонскиот народ, македонската нација, дека тоа е единствен акт преку кој може Македонија да ја изрази својата самостојност. Категорички тврдам дека тоа не е така, дека може да се повикаме слободно и на низа други акти кои ги имаме донесено и кои можеме да ги донесеме и тоа право да го оствариме.

Со ова саскам да укажам во случај ако ВМРО не гласа за Уставот истиот да не се користи во средствата дека, ете, тоа е рушење на Македонија. Друго е да се има волја, храброст, нешто да се сака и бара и постигне од Европа, друго е влечење на мудри потези и правење на опструкции.

Ние Уставот го дваќаме во оваа форма. Во овој текст кој е понуден за нас содржи неприфатливи одредби, неприфатливи во смисла на тоа што врз основа на историското право и реалната сегашност ние бараме да донесеме македонски устав за македонскиот народ и граѓаните кои живеат во Република Македонија. Историскиот факт е тој што овој дел на Република Македонија бил означен со православјето, главно означен. Сегашната реална состојба е една изменета категорија, што овој дел од Македонија, главно, претрпува измени во таа смисла што православјето се заменува со Исламот.

Господинот Црвенковски спомна дека е тука присутна и Африка. Заборави да го спомне и Средниот Исток, исламските земји. Африка е присутна тук,а тврдам, преку демографската експлозија, изразена преку енормно високиот наталитет кој за Европа е непознат, изразен во сопственичките односи на недвижности, што резултира кон создавање на чисти етнички населби и истиснување на православјето и негова замена со Исламот. Ние бараме навистина македонски Устав. Нека не се лутат малцинствата како ќе ги наречам што ние си јас бараме државата во смисла на тоа што сметаме дека суверенитетот мора да биде изразен, суверенитетот на најбројниот народ, сето останато што е, што е помалку од тоа претставува малцинство. Тој термин и Европа го прифатила и го признала, а дека тоа е така наоѓаме потврда во статистичките податоци кои го покажуваат токму тоа. Конкретно противењето на албанското национално

малцинство е во тоа што тие инсистираат да влезат како народ, што се направи во самиот старт во Преамбулата еден компромис, за жал, од експертна група која воведе термин националност, недефиниран поим како уставна категорија, со цел да задоволи одредени интереси и со тој проблем по националности измисли матични држави на етнички групи, што е преседан секако во светот.

Со барањето носител на суверенитетот да биде македонскиот народ и останатите слободи и права кои истиот ќе ги пропише, апсолутно не мислиме да ги запоставиме правата кои ќе" ги уживаат малцинствата. Едноставно сакаме да дадеме печат на македонската државност, нешто што е сосема нормално и прифатено во Европа и дури многу повеќе од тоа во однос на правата. Јас веднаш ќе го поставам прашањето во што националностите немаат права кој јас ги имам. Нека се одговори но да не се меша што е државно, и што е право на граѓани, што треба да регулира државата и кој права ги уживаат граѓаните.

Понатаму, велиме сакаме да влеземе во Европа, да понудиме Устав европски. Сметам дека она што го нуди ВМРО апсолутно одговара на она што го бара и Европа, ни повеќе ни помалку. Се направи инсинуација во член 1, не збуни матичната држава. Тоа не пречи апсолутно за' Европа. Не пречи за Европа дали ќе се вика национален или граѓански Устав. Европа бара колку Уставот содржи демократија. Дали со таа демократија малцинствата се обесправени или не се обесправени. Точно знаеме кој елементи ги бара Европа и сметам дека се исполнети. Меѓутоа, сметам дека со одредбите, со амандманите кои ние ги имаме поднесено сакаме да ставиме белег на оваа македонска држава и бараме почитување и

лојалност нас сите односните прописи и останатите акти кои ги пропишала таа држава. Истото го чиниме и во останатите држави со тоа што се потчинуваме на нивните закони. Не може и не се враќаме ние конкретно во што. Судирот е меѓу албанското национално малцинство во однос на одредбите на овој Устав и она што ние го предлагаме. Ние не одиме на реципроцитет во таа смисла што ќе добиеме во Албанија и ќе видиме таму како е. Ние сметаме дека имаме една добро изградена демократија и ќе регулираме прашања во смисла на тоа истите да~ ги надградуваме. Не е враќање назад ако се бара службена употреба на македонскиот јазик на територијата на Република Македонија. На сите европски земји на кои се повикувате скоро во сите истото го има. Ако јас барате Франција тука, неколку пати се спомна, јас ви тврдам дека токму Франција има доста профашистички елементи во тој нивен устав каде што и црнецот се пишува Французс. Ако барате одредби за македонците кои живеат во Република Бугарија или Република Грција, каде што мора д се пише грк или бугарин да ужива права, тоа е сосема друго. Само бараме почитување на државата, односно оваа држава што треба да се создаде.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, јас нерадо излегувам на говорница по прозивка заради тоа што сум оптоварен со огромната одговорност што ја имаме сите ние денес при разгледувањето на основниот текст од Комисијата за уставни прашања и на преку 400 амандмани за усвојувањето на предлогот на Уставот на Република Македонија. Во ниеден мој досегашен настап на оваа говорница не сум споменувам ни една партија ниту имиња поединечно, освен во еден

исклучителен случај кога го спомна името на Љупчо Георгиевски и тоа во позитивна смисла. Секогаш сум настапувал во името на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз или во свое лично име со ставови за кои верувам дека за најголем случаи стоеле аргументи.

Во неколку дискусии, кои се појавија на оваа говорница, која што претставува и парламентарна и целосна јавност се отстапи од линијата која треба денес сите да ја заговараме, да создадеме работна атмосфера, да створиме простор во кој ќе може конструктивно да преминеме кон работа, во кој ќе доживеат благослов силите на аргументите за вакви или поинакви залагања за одредени ставови од одделните членови на Парламентот итн., оваа говорница се злоупотребува со грди, малициозни приземни цели, поедини личности во момент кога се дискутира за сосема друга проблематика да се дисквалификуваат на начин кој апсолутно не доликува на членови на првиот македонски повеќепартиски Парламент. Се користи оваа говорница јавно да се предизвикаат сите оние кои во новиот повеќепартиски систем секако и над се имаат ако ништо друго барем право и на поинакво мислење, барем право тоа мислење да го поткрепат со аргументи и тоа од претставници на партии кои го имаат првиот атрибут за демократска партија. Овде беа споменати и кукли и конци во една прилика и влечење на конци од едно место и се ми се чини дека таму каде што се влечат конците на тие кукли е донесено решение на начин кој не одговара ни на 40 години назад да се дисквалификуваат одделни личности само заради тоа што во даден момент имаат поинаков став, ако го имаат.

Јас излегов на говорница, со оглед на тоа што и јавноста е злоупотребена да кажам дека гласав за една Преамбула која што е Преамбула на Устав, кој што е и национален и граѓански поради оваа мешавина и каде што децидно е кажано дека како историски факт Македонија е »конституирана како национална држава на македонскиот народ, во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија.

Ќе се обидам еден пример кој може не е најадекватен да посочам за да се види всушност во некои елементи за што станува збор. Нека се посреќи македонскиот филм "Тетовирање" на македонскиот автор Столе Попов кој е номиниран за"Оскар"на Американската академија на филмските уметности да го добие тој "Оскар" и нека Столе Попов кој што е македонец со македонски филм, со теми од ова поднебје, со актери од ова поднебје итн., да треба да присуствува на свеченото прогласување на давањето на "Оскарот". Таму се влегува со црн фраг, смокинг, лептир машна итн. Столе Попов нема да биде немакедонец или помалку македонец, ако не му накачиме на грбот некој Кожуф симнат од напуштените бачила. Јас не сметам дека со тоа Столе Попов ќе стане повеќе македонец и помалку предавник на македонските интереси, ако не го наметне кожувот или заштитник на македонските интереси.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господо. Јас по втор пат се јавувам на оваа говорница со тоа што мислев дека дискусијата ќе биде сосема поинаква, мислев како што се изразив тогаш дека нема да буричкаме многу работи за да го пробиеме нашиот прв повеќепартиски устав. Мислев дека нема да "рчкаме во некои други работи и да отвораме некои други расправи и да одземаме време на јавноста и мислев дека со такво разумно настапување и дискусија ќе дојдеме до најважниот документ, а не ова што се случи. Јас реков што сакав да кажам, а важам за еден умерен човек заедно со сите вас, умерен политичар, ако сум политичар па слушајќи ги дискусиите сакам да дадам придонес во оваа работа.

Сите дискусии што упатуваат на одредени исклучувања, било да се работи за преамбулата на уставот или за другите членови на уставот не водат кон добро. Ако некој си дал завед пред јавноста, пред својата партија, пред својот народ дека ќе расчисти одредена ситуација, ќе расчистиме со Западна Македонија, со Источна или која Македонија територијална, заради тоа што има четири страни на светот. Јас мислам дека тоа расчистување мора да се сфати поинаку. Да се најде демократски пат и дијалог, еден ден да се пружи рака на рака и така да се створи мир за тие луѓе што живеат таму, односно за нас што живееме сите заеднички овде, што делиме иста судбина. А не да се поставиме со онаа аргументација на некоја си сила, на некое исклучување од право или од право онакво.

Јас мислам дека,овде имаме експерти, верувам дека знаат, политиколозите сигурно знаат, новинарите и јавноста секако знаат, а ние сме овде пратеници, верувам дека сме политичар или ќе бидеме политичари и треба да знаеме една латинска поговорка Комдицио сине

кванон. Навистина, добро би било кога овде, во оваа наша заедничка заедница, Македонија би живееле само Македонец: сигурно, нема да има проблеми, барем оние проблеми за кои сега се расправаме. Меѓутоа, ете, времето, судбината,господ, ни била таква судбината да има во оваа Република Македонија, да има на овој простор еден дел од македонците, во Бугарија, каде што не се признати за ништо. Голема трагедија, ни со јазик, ни со култура ни со ништо, во Грција исто така, овде во Македонија да, национална држава, искажано во преамбулата. Хикс стотици албанци, хикс стотици роми, има нешто власи, срби, има и други, па имаме заедничка судбина да живееме заедно. Ете тоа беше тоа кондицио сине кванон, нешто нужност, нужност од разбирање човечко да живееме заеднички, затоа што ако не живееме заедно и не си пружиме рака ќе дојдат лоши денови. Не ќе можеме да размислиме за утрешнината, за лебот. Не ќе можеме да размислиме за генерациите што ни доаѓаат. Заради тоа ве повикувам господа вашите програми, кои што велите дека се национални, можеби јас погрешно ги сфаќам, но за мене национална програма значи не ова што се предлага вака. За мене тоа значи наоѓање заеднички јазик, заедничко живеење, без некој да се проценува, а да се постигне целта, не на вакви работи, не исклучување итн. итн. Исклучување значи ова може, се друго, па дури сега е изречена една мисла дека оваа експертска група измислила на некоја етничка група држава, па да се прецизира таа како нејзина матична држава односно како националност. Срамота. Зарем не знаете топка колку стотици илјади индуси живеат во оваа земјата Зарем не сте чул контактите со индуската амбасада, тие преписки итн. Со одењето на наши луѓе експерти таму, они овде, па немојте така, стварно греота е така да се однесувате така према еден така мал народ во Република Македонија кој што пошто пото тврди и сака ова да му биде заедничка татковина, а некој

од вас сака да ги шутне па вели, ајде бегај таму не сум ти јас татко, ти имаш некој си татко, како очух, или македоја што ја знам. Ајде, ве молам земете една голема гума и бришете го тоа од главата. Знаете дека мојата земја, мојата татковина е оваа овде Македонија. Тоа да ми го одземе некој треба животот прво да ми го одземе, простете што вака се однесува овде на оваа говорница.

Од оваа говорница се изречени доста корисни работи, многу корисни работи, но изгледа ние како она што е речено денеска на почетокот за Европа, или баш ни е гајле за Европа или што ја знам ние можеме и тука. Ние можеме и затворени да бидеме како Македонија. Каква брука е тоа, зарем можеме со некоја посебност да градитираме на ова подрачје да останеме балканци односно како што рече претходниот дискутант мора да се докаже Македонецот со кожув, или циганчето односно ромот да биде само со неговата свирка, песна и да проси итн. Ајде да ги видиме другите народи како живеат. Сигурно имаме ум, имаме разум, имаме интелигентни луѓе, имаме интелигенција, имаме деца интелигентни, па да појдеме во таа Европа. Зарем мора вака да живееме. Јас тврдам дека најинтелигентни сме овде од ова поднебје. Многу голем ум е концентриран овде. Само треба малку добра волја и малку пружање рака и рака под рака да си живееме подобро.

Ако во оваа Република Македонија сакаме да створиме граѓански односи ние сакале или не мораме да го створиме на овој начин тука во Парламентот. Па, зарем не е доказ една иста работа се предлага од пет шест групи, а ова Собрание тоа не го прифаќа. Мислам да преамбулата да се брише ова, да се додаде она да би имале незнам каков карактер. Немојте така. Па треба да бидеме свесни како Собрание, овој Парламент дека тоа не го прифаќа. И не може, јас овде гледам еден бивши фудбалер и

јас сум фудбалер не може да се шутира топката и голманот да ја фати и ако сакаме насила гол, па и голманот да го дигнеме и да го пикнеме во статива внатре. Внатре ја фатил даречеме, гол е. Е,не може така. Ова е Парламент, а ако така не можеме тогаш мораме да бидеме достојни на оние граѓани, избирачи наши што не избраа и заради тоа да ги респектираме нив. Да ги респектираме заради тоа што сигурно ова ние'5 што го правиме овде тие не го сакаат тоа. Заради тоа ете како човек на 54 години ве повикувам на едно поголемо размислување мислам дека синојка што изостана она наше славје, така да кажам голема критика е за сите нас. Се обрукавме пред светот. Се обрукавме пред генерациите, заради тоа што од овде, од оваа говорница се прокламира нешто што не е сеуште при свеста, на граѓанинот, човекот а сакаме граѓанинот и човекот да биде најважниот. Не е тоа што овде се прокламира од поединци, од друг, од партии итн. Јас вчера на паузата со едно мое друштво бев на ручек. Го слушавме Крушевскиот манифест на радио, па откако се створи Републиката, Манифестот... велеше вака.. браќа муслимани, заедничкото... Заедничките определби и ваши и наши... и на крај завршува вака... браќа арнаути, браќа турци, браќа муслимани дојдете при нас за заедничка одбрана од заедничкиот...

Ве молам, немојте да ме навратите на 1941-1944 година, затоа што јас сум дете од стара мајка па да кажам што тогаш се случуваше, кој доаѓаше, кој бегаше и кој за 24 часа стана партија. Затоа што имаме и овде партизани, ве молам немојте. Благодарам на вниманието и мислам дека ќе надвладее совеста а јавните гласила сакам исправно и оригинал да ја информираат јавноста за се што се случува овде во парламентот и секој збор на секој поединец, затоа што не е она најмакедонско, најмакедонското не е тоа што се сака овде од ВРМО ДПМНЕ, па и господинот Голубовски се

придружува таму во ред е и не е најмакедонското на Комисијата за меѓунационални односи да седиме таму само пет души од двете партии а ние двајца, или тројца што бевме таму само кревај рака. Не е тоа, ова е Парламент. Може, ако сте само вие а бидејќи овде е парламент од сите партии и сите структури, од сите нации и националности мислам дека најубава работа ќе направиме, а не она само што вие мислите.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани почитувано претседателство. Како и досегашните пратеници кои се јавија на оваа говорница. ја ќе злоупотребам можда најкратко по тоа. што беше кажано досега сакам да кажам дека Парламентот повеќе работи како театар., И претставуваме еден циркус овде за нас. Одвреме навреме да се засмееме па исто така да гледа и јавноста. Без да одземам време предлагам на претседателството и на претседателот бидејќи на денешниот ден на оваа седница ние тргнавме со дневен ред,таму беше застанавме. Со дедне предлог од претседателот и од претседателството да се вратиме на член еден по однос на усвоениот амандман. Сметам треба и од таму да ги усмериме нашите дискусии. Сето тоа досега што беше кажано, тоа е една историја која сега расправаме ние секојдневно. По овој предлог свесни сме сите дека тој амандман е усвоен член 1 е усвоен, во колку стојат такви можности и во колку го прифати парламентот може да расправаме во колку не можеме да расправаме Претседателството треба да одлучи понатаму што ќе работи овој Парламент. Не спорен факт е дека парламентот дојде до блокирање до својата работа. Законските можности и деловнички овластување секретарот на Собранието нека ги прочита. Има нема можности Парламентот да се изјасни по втор пат по овој проблем. Вчера работевме цела ден по групи некои договарање,да се најде компромис по тоа прашање. Ми се чини не е постигнат компромис. Во колку не тргнеме од оваа точка ми се чини дека

иде најлошото за Парламентот и за Македонија поготово за Македонија. Во колку парламентот блокира не може да тргни со работа понатака, желбите различни по парламентарни групи по пратеници тоа се желби во колку тие желби од 120 пратеника кои што го сочинуваат парламентот а поготово од присутните пратеници во колку добие апсолутно мнозинство таквата желба и во колку патеникот успее да го тоа докажи таа желба прошла, поминала се озаконила влегла во устав, во колку не, не може да помине. Не можеме ние да се блокираме на едно место и да избегнуваме од проблемот и да дискутираме други работи периферични. Потоа уште еднаш го замолувам претседателот и претседателството да изградат критериум да работиме по Деловникот без да се упуштаме ние надвор од Деловникот за работа и од проблемите кои што се денеска на Собранието. Ние дискутиравме начелно за уставот, имавме шанси и можности сите да се искажеме. Сега мора да работиме конкретно, изгледа кога треба да работиме конкретно тогај ни е тешко, затоа што треба да гласаме и некои желби да не поминат што можеме можда се и некои добри желби, засега не одат. Ќе чекаат време.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Видите, прашањето добро го постави Ефтим Манев ние го правиме она што го направивме два пати овде и тоа исто тумачење исто толкување на Деловникот како што беше и во случајот кога Голубовски бараше,господин Голубовски тоа го бараше и ВМРО ДПМНЕ кога после гласањето и утврдениот резултат побара пауза, иако резултатот беше дефинитивно утврден побара пауза и после дојдоа овде на образложение. Според тоа предлагам да минеме на гласање поединечно а секретарот да ги чита.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека Крстевски објасни околу содржината

(Реагирање на пратениците).

Ве молам, Вие сите баравте збор, добивте.

(Реагирање на пратениците.

Не морате да го лажите народот вие, седете си слободно. Немојте да го лажете, седете си таму. Седете ве молам на местото.

(Реагирање на пратеникот Митко Анастасовски)

Народот слуша и гледа.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Со оглед дека расправата не одеше според дневниот ред а постои опасност односно целта е очигледна и на одреден број дискутанти овдека да не се оди по дневниот ред. Морам сега да укажам на она што што е"став на Пратеничката група на Реформските сили на Либерална партија а тоа е во интерес да сепак во догледно време а ко не вечерва меѓутоа овие два три дена сепак овој Парламент донесе Устав на Република Македонија како еден од предусловите и за понатамошно демократизирање на општеството а и она што на меѓународен план претстои признаваше на Републиката како меѓународен фактор. Во таа функција иако нашата пратеничка група поднесе добар дел поднесе еден број на амандмани еден број амандмани кои ми пројдоа и во уставната комисија а еден број останаа директно овдека да бидат разгледувани ние се договоривме истите да ги повлечеме. Нешто од либералниот концепт односно граѓанскиот устав сметаме дека со тоа ќе изгуби овој устав меѓутоа не сметаме дека е тоа пречка до тој степен во овој момент ако се зема основа за цел заради кој треба да се донесе Уставот. Ние, сите вклучувајќи ги и амандманите кои ги поднесуваат другите пратенички групи ќе ги едноставно нема да ги прифаќаме од проста причина што во сметаме дека во вакви услови како што работиме и како што ние ја подразбираме демократијата не може да се донесе ништо повеќе од тоа што основниот текст на уставот го дава. Тоа е едно. Во однос на предлогот што го даде пратеникот Поповски овде нашата Пратеничка група стои од проста причина токму од националните интереси на Македонија.

Нас ни беше укажано дека со амандманот на одреден начин всушност го загрозуваме она што е основна интенција на овој Утав тоа е Статусот на Македонија на Меѓународен план. Како и некои односи со деловите на Македонскиот народ од соседните земји На таа линија имавме и реакција на одреден број граѓани ако сакате и пратеници од Егејскиот дел на Македонија, и затоа баравме да се на одреден начин околу тоа разбистри. Другите држави Америка и другите демократски држави имаат во уставот предвидена постапка кога се сака нешто да се преиспита. Кога стејтдепартментот ќе укаже на одредена неправилност,постои во самата постапка на работите на конгресот и сенатот можност да се тоа преиспита. Кај нас тоа не постои и оттука повикувањето на едино на Деловникот. Према тоа не треба тоа еднострано да се сваќа, само како ретирање назад туку едноставно преиспитување токму на тој национален интерес. Тоа е едно основно од кое се појде при поднесувањето на овој предлог од пратеникот Поповски. И оттука мислам дека не е доволно така да кажам само да поаѓаме од голиот партиски интерес да се искажеме што сме сакале и што сме мислеле, туку токму од тоа што Уставот треба како правно дејство да предизвика на тој план. Благодарам.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, јас ќе ви се извинам што во овој случај треба стручно, да се обидам да објаснам еден амандман, кој инаку е импровизиран и термин кој во правна смисла и примена не значи ништо. Некој од вас рекоа дека си измислуваат од експертската^ рупа, не дај боже измислува матични држави, тоа во овој случај ги измислувате вие со гласањето на ваков амандман. Инаку термин матична држава навистина, пак, смислено не значи ништо во правна смисла. Тоа е еден колоквијален термин што би требало да значи дека државната се грижи за своите иселеници. Тоа е регулирано со членот 49. Уставната историја не пднава ваков термин, тој внесува маса можни правни забуни во меѓународна смисла, имено посебно за оние наши иселеници кои имаат државјанство или двојно државјанство/ги изложува на притисокот на државата во која имаат државјанство да го дефинираат својот статус дали припаѓаат кон она што се наречува матична држава или државјани на таа држава. Знаете во Германија не можеа ни да гласаат државјаните кои имаат двојно државното германско и наше.

Од друга страна со вакви импровизации во дефинирањето на државата постои реална опасност ние да паднеме во онаа група на држави од трета лига, условно да ги наречеме, каде и во кои е можно се. Секаква дефиниција е можноста, во која не важат никакви стандарди, никакви правила. Зашто? Затоа што се на периферија на светските настани и фактички никој не се грижи што таму се случува. Онаа нитка на основ на култури за матица на која се развива македонската држава, ја дефинира онака како што се дефинира во сите европски држави). Тоа е употребата, службената употреба на јазикот и државните симболи: грбот и химната. Тоа е така секаде. Така треба да биде, според наше мислење и во Македонија.

Никакви префикси никакви атрибути во дефинирањето на македонската држава не треба да се додаваат каде што се дефинира односот држава граѓанин или граѓанин државна власт не треба да се додаваат. Ако имаме нормални демократски услови на развој како што вели Јордан Бошков, ако даде бог, ќе станеме нормална европска држава,по таков пат како што имале сите други европски држави. Тука експерименти не се потребни.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор пратеникот (Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, Сакам да ве информирам и да ве потсетам дека јас како пратеник на социјалистичката партија на Македонија од Куманово поднесов повеќе амандмани од повеќе членови кои што ги регулираат колективните и индивидуалните права на граѓаните на Република Македонија и се однесуваат на глава II –слободи и права на граѓаните. Моите амандмани беа во функција на допрецизирање на одредени содржини со единствена цел, Уставот да биде и да добие и апликативна вредност значи повеќе беа од стручен и од практичен аспект. Инаку еден дел од амандманите беа прифатени од Уставната комисија, за што изразувам посебна благодарност. и се составен дел на понудениот текст на предлогот на Уставот.

Во име на продуктивноста, економичноста и рационалноста во работењето на овој Парламент, а со единствена цел да донесеме еден највисок акт на Република Македонија, останатите амандмани ги повлекувам. Исто така, тоа го правам и од името на Социјалистичката партија на Македонија, да ги повлечам сите амандмани поднесени од оваа

партија, а во врска со сето тоа што го кажав, зашто сите овие амандмани на Социјалистичката партија на Македонија, дел од нив беа, исто така, беа прифатени што не влијаат битно на содржината на Уставот и Уставот така понуден може во целост да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господин Томислав Стефовски

**ТОМИСЛАВ СТЕФОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се потрудам да бидам пократок и јасен. Овде беа искажани доста залагања, доста мислења кои што сите ако ги земеме одат на една линија, .а тоа е да се овозможи гласање како што беше предложено,беа дадени објаснувања како што беше во смисла дека матичното не значи ништо. Ако не значи ништо, зошто смета? Тоа е едното. И еден впечаток што се наметнува овде е упорно дека наводно постои некоја конфронтација, меѓу македонците и албанците што сметам дека не е точно. Од тоа објаснување произлегува дека, ете, ВМРО е тоа што го носи бајракот против албанците ВМРО како политичка партија никогаш не било на антиалбанска основа. Тоа е познато на сите. ВМРО со влегувањето на овој Парламент, едноставно се залага Македонија да добие национален карактер и да се избори за она што е обележје на македонскиот народ на оваа територија. Со други зборови ние како ВМРО бараме националните обележја да бидат почитувани, али не на штета на другите националности што живеат во Републиката. Тоа е неспорно и мислам дека секој треба да го уважува. Со други зборови залагајќи се, токму за ова што го реков, ние и немаме намера да се откажеме од нашите амандмани кои што ги поднесовме. А тоа е и целта на една политичка партија кога влегува во еден парламент да се бори за остварувањето на својата програма и на

своите цели. Оттука ние ќе инсистираме, а работа е на другите политички партии што ги повлекоа своите амандмани, зашто ние остануваме на своите амандмани 36 или 38 колку што се и бараме во една борба да се избориме за нив . Инаку која е таа цел на една политичка партија, поднесува амандмани, па ги повлекува. Едноставно,ние одиме да се докажеме како политичка партија, не само преку одредбите на Уставот, туку и во овој момент кога ќе дојде Уставот да се преточува низ конкретни одредби од аспект на донесување на законите , кои ни доаѓаат подоцна. Оттука ние борбата како политичка партија, она што го постигнуваме денеска, во овој момент, во Уставот е едно, ние ќе ја продолжиме борбата, нормално и во законите што треба да уследат после Уставот. Ние никогаш нема да се откажеме од нашата програма, Нашата програма е јасна и таа нема никогаш да биде на ничија штета, него секогаш во составен интерес и за сите што живеат во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господинот Стоиле Стојков-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас нема многу да должам, мислам право е, ако така заклучивте дека е право да се повлече амандманот, во ред. Ќе го искористите правото на поединечно изјаснување. Мислам дека амандманот е спорен само што стои македонскиот народ. Јас така гледам па изгледа подносителот, пратеникот се излагал дека постои македонски народ, па и другите што ќе гласаат. Тоа е ваше право. Во ред.

Излегов, господин Шиковски каже нешто тука, околу процедурата за тоа повторно гласање. Ако се сеќавате ние го усвоивме членот 1..Што значи треба да појдеме од обратен редослед . Знам дека ќе дојде до повторно

гласање, да се гласа амандманот поединечно и дека нема да се усвои. Во ред. Тоа е ваша определба. Меѓутоа, прво мислам би требало да се гласа, нека ме поправи господинот Шиковски ако грешам, прво да се гласа, ако сакате така, зашто вие настојувате, гледаме, така да се измени тој амандман, прво би требало да гласате за амандманот за членот 1. Членот 1 ако се сеќавате, ние го утврдивме. Значи, треба да се гласа од обратен редослед, членот 1 не е утврден и потоа да се гласа, како што вие настојуватеп за амандманот на подносителот.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господинот Владимир Голубовски

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи секоја пратеничка група почна да се изјаснува околу своите амандмани, најпрво да кажам дека ВМРО- Демократска партија, не ги повлекува своите амандмани.

Второ, овде на говорницата беше искажано во име на рационалност, но јас би рекол дека воопшто не беше потенциран од никого моралниот аспект, дека треба да се остане на основниот документ и дека од левата коалиција и ПДП и НДП ги повлекуваат амандманите. Се прашувам јас како може тоа да се случи? Толку луѓе да учествуваат во јавна расправа. 400 амандмани да се напишат и сето тоа, затоа што е тоа од некаде замислено, не важи и се фрла во вода.

Па јас одам понатаму, и ве уверувам дека е точно тоа дека малцинските права, сигурно се критериум за влегување во Европа, односно во заедницата на демократски земји. Но пред малцинските права се основните права на мнозинството. Ако ние тврдиме, а веќе има основен предуслов за тоа, дека ние македонците ги немаме граѓанските права и ни

се наметнува некоја држава каде што ќе ни се редуцираат тие граѓански права, дека македонската демократија ќе згасне, дека се ова е политичка фарса. Мислите ли дека Европа нас ќе не прими.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи сите зборуваа од името на своите партии, ги изнесуваа видувањата и определбите на своите партии по однос на начинот на донесувањето на постапката на Уставот го користам и јас своето право за да го кажам и своето лично мислење и да зборувам од свое име. Токму заради тоа што доведени сме со„ едно такво несериозно работење, во состојба во која некој сака да докаже и покажува дека, навистина овие пратеници, кои седат тука или дел од нив, не се способни да донесат устав на оваа наша држава, Република Македонија. Меѓутоа, сметам дека освоениот проблем не е во тоа. Не дека не постои определба и потполно единство кај сите дека треба да се донесе устав.

За мене основен проблем и прашање е тоа што се суспендираат правата на пратениците на една демократска расправа да се донесе устав. Па затоа и сме припадници на различни партии, заради тоа што имаме различни видувања на програмите. Ако беше во прашање мнозинството дека не ги прифаќа амандманите на другите и автоматски нема да гласа, тогаш се поставува прашање дали во еден парламент, каде што имаме мнозинство или коалиција од одделни партии кои оствариле мнозинство, малцинството воопшто, треба да седи и да расправа. Нека ги донесе Парламентот сите тие акти без присуство на малцинството. Често пати

расправаме за малцински права, меѓутоа сметам дека малцинските права, токму на пратениците во Парламентот се најмалку заштитени, а таквиот начин и однос во Парламентот, не претставува ништо друго, туку вовед во нов тоаталитаризам и диктатура.

Постојниот Устав на'.република Македонија во член 1 вели "Социјалистичка Република Македонија" односно "Република Македонија е национална држава на македонскиот народ". Дали Европа му стави заменка на Претседателот на Републиката за добрите потези на политика што ја водеше досега, заради тоа што Републиката беше дефинирана / вака во член 1? Па, сега, бидејќи сакаме нов устав да донесеме, проблемот претставува токму дефинирањето на државата по основа на носителот на државноста. И примерот што го кажа 'господинот Ханџиски за Столе Попов. А тој Столе Попов, исто така, по овој Устав како припадник на Република Македонија, како национална држава на македонскиот народ во член 1 од постојниот устав,ја доживеа таа афирмација не како на една безлична маса. И од тие причини, сакам да кажам дека од 8 јануари до завчера бевме во една фаза на "пекол". Вчера, поминавме низ фаза на "чистилиште". И денес сме во фаза на "покајание”. Прашање е само да не ја доживееме фазата на "рајот". Бидејќи според мене балонот ќе се дува, дува, денес малку издишува и прашање е кога ќе пукне. И основниот проблем, меѓунационалните односи, ние повторно не го расправаме на вистински начин. Мене не ми смета ако јас ја кажам вистината, онака како што јас ја сфаќам, ја гледам спроти другиот соговорник. Меѓутоа, изгледа ние не сакаме отворено да ги отвориме прашањата и проблемите и по нив да расправаме. И ја користам и можноста да протестирам заради начинот на работењето на Парламентот, што вчера, цел ден бевме присутни. Човек да

беше во притвор, ќе му кажеа зошто седи толку време и кога ќе го изведат пред судија. Ние бевме оставени, психички, вака да се измориме, како во политичка истрага, како постапка во политичка истрага,за да на крајот кога ќе не изненади некој, да не свика на седница, уморени и исплашени да кажеме;се признаваме, го прифаќаме Уставот и да си оди.

Пред две недели НДП издаде едно соопштение во кое укажа дека ако Уставната комисија не ги прифати ваквите барања, Уставот ќе биде некролог за Македонија. Побуден од ова соопштение на НДП одговорив и дадов една изјава за средствата за јавно информирање , во која кажав дека оној што на Македонија и лепи некролог, сам си го копа сопствениот гроб. Меѓутоа, расправата и текот на целата оваа постапка на донесувањето и усогласувањето на Уставот, покажува дека сум бил во право. Зашто? Заради тоа што некрологот на Македонија, сами си го лепиме ние. Никој друг.

Понатаму излегува дека овој Устав се носи за малцинските права. Тоа го кажаа претходните дискутанти. А епилогот од вчерашната расправа, независно дали некој го сфатил на поинаков начин, или говорникот мислел поинаку, заврши. Знаеме сите како заврши. Заврши со изјавата на Мерсим Положани се чувствува мирисот на барутот и дека без албанскиот народ, Македонија не може да биде држава

Меѓутоа, сакам да му додадам реплика на ова, бидејќи ми беше ускратено правото завчера^дека мирисот на барутот ако постои тогаш ветрот го шири на сите страни. А крвта, крв носи. Јас не верувам дека некој било да изиграва или да го има патронатот на цело малцинство преку една политичка партија, ќе направи било што за да сопствените припадници или групата на која што и припаѓа ќе ја доведе до една таква авантура.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Не чувствувам никаква одговорност за тоа што го изјавувам овде бидејќи сум убеден во тоа и го кажувам моето лично мислеше. Меѓутоа, изгледа дека како што вака продолжуваме да работиме, не гледајќи ги во реалноста проблемите вистински, изгледа треба да го прифатиме член 118 од Предлогот на Уставот во кој што се предлага Крушево да има посебен статус, меѓутоа зошто? За да се заветиме сите оценка еден ден кога ќе останеме во малцинство ќе треба да се собереме во нашата Крушевска Република каде под заштита на "сините шлемови" ќе можеме да ги заштитиме нашите малцински права.

Тогаш, нека не не чуди нешто што во одделни подрачја од Западна Македонија, заради ефикасноста на државата во заштитата на правата на граѓаните одделни Македонци се прекрстуваат во Срби, затоа што се крстат во Господинот Милошевиќ. Европа не не обвинува ако не им гарантираме права, уствари велиме дека Европа ќе не обвинува ако не им гарантираме права конкретно на малцинствата или на најбројното малцинство, Албанците. Сега, ако не ги прифатиме барањата на ПДП и НДП Европа ќе им даде специјален статус и, се плашиме како мали деца од Баба Рога.

Се поставува прашање зошто тоа Европа може да го бара и зошто така ние да се однесуваме и да размислуваме. Заради чија и каква повреда на права кога нека некој само малку прошета во западниот дел на Македонија за да види во какви двоспратни, троспратни куќи живеат, а нека помине низ Источна Македонија каде што истоштени, старци по селата гладуваат затоа што немаат што да јадат. Секој ќе каже па човекот се снашол, стекнал материјално богатство. Тоа е вистина. Меѓутоа, сакам да кажам дека лично не верувам дека или поголем дел од тие што се залагаат за оваа дефиниција што ја имаме во постојниот Устав, дека постои некоја

неизживеаност, некои фрустрации, националистички емоции и било каков националшовинизам.

Македонец сум заради тоа што живеам во оваа држава што се вика Македонија и припаѓам на еден етнос кој се вика македонски народ, македонска нација, а верувам ако донесеме Устав во оваа Република како самостојна и независна држава, Република Македонија сите по државјанство ќе бидеме Македонци. И треба да бидеме Македонци ако навистина сакаме да живееме во оваа држава. Единствено, ако целта на некого не е да градат некоја посебна држава како што често пати НДП знае да каже дека сите Албанци треба да живеат во посебна албанска држава.

Меѓутоа, ја користам говорницата да го порачам и следново Албанците сами ќе бидат виновни, не сите, оние кои ќе се приклонат кон една таква сепаратистичка и шовинистичка политика, ако дозволат било какви лажни квази и политички цели и вредности заради спасот на некаков монолитизам, ако дозволат некакви политички елити или само нивни чисто албански политички партии, да ги стават во тоталитарни стеги, а македонската држава односно Република Македонија ќе биде уште повиновна ако на Албанците, како граѓани на оваа држава не им се укаже потребната заштита за спречување на политичкиот терор и репресија што одделни политички партии го вршат врз граѓаните.

Затоа, сакам да укажам дека токму заради тоа што Македонија е таква каква што е, заради тоа што Албанците живеат со Македонците, токму заради тоа што Македонија е таква со сите свои недостатоци, со сета своја тежина на минатото, можеби за некого горко или болно, меѓутоа вистинито, со сите права кои ги имале, го достигнале овој материјален статус и позиција и никој тоа не го негира, ниту има право да го конфискува

како стекнато богатство. Меѓутоа, никаква автономија, специјален статус, некаква сецесија за интереси на некаква голема Албанија ќе ги доведе Албанците како етност во поповолна положба или барем во слична како онаа во која живеат и се наоѓаат во Република Македонија. Четки и лажни обвиненија можеме да си фрламе и прав во очи, меѓутоа тоа се политички маркетиншки работи што имаат краток здив.

Затоа сметам дека со националните чувства ненационалните малцинства не треба да се игра заради тоа што консеквенциите од арачот на сопствените национални водачи сами ќе го почувствуваат сите граѓани. А, Албанците и во својата држава, во Република Албанија сами увидоа дека таа политика на непотистички тоталиристички стеги албанскиот народ и нација ги доведе до една национална трагедија. Се отворија границите, видовме беда, сиромаштија како• продукт на еден Енвер Хоџиниот тоталитаристички систем во Албанија кој самите Албанци го отфрлија и бараат демократија, леб и знаење. Затоа барам тоа некој да не го префрла кај Албанците во Република Македонија.

А, што се однесува до Европа, нека специјалниот статус кој го предлага Југославија го примени прво кај себе си за да, како поцивилизирани народи, со длабока историја и традиција овој див Балкан со овие диви балканци се поучи како функционира тој специјален статус за да можеме после тоа и ние да го примениме. Токму заради тоа сакам да кажам дека по однос на предлогот што беше даден не постојат никакви формално- правни, за мене, основи членот 1 повторно да го вратиме на расправа.

Точно е можеби дека единствено Македонија би била во Европа дефинирана како национална држава на македонскиот народ или држава на македонската нација. Меѓутоа иако експлицитно тоа не е кажано во државно правните и уставно правните акти или уставите на сите европски

држави, тие, во основа се национални држави. Сметам дека во начелната расправа доста од пратениците тоа го укажаа. Меѓутоа, нека објасни некој која држава или кој народ или нација освен македонскиот, покрај можеби некои други, биле поделени во четири држави? Кој народ е толку непризнаван од било кој во оваа Европа како што е тоа македонската нација и непостоењето или вештачката творевина на оваа македонска држава.

Понатаму, точно е и тоа дека од 1945 година Република Македонија со свој устав, имаше дефиниција дека е национална држава. И, демек, сега го преживеа тој национален романтизам и сега ќе правиме граѓански Устав. Затоа во првиот член нема да го дефинираме носителот на државноста. Сметам дека не е тоа точно бидејќи Република Македонија, за прв пат, како самостојна држава во која мора да се дефинира носителот на државноста побарува меѓународно правен субјективитет.

Ако во Преамбулата постои дефиниција, јас не гледам никаква причина таа дефиниција да не остане и во првиот член, токму заради меѓународно правните консеквенции во однос на правото на носителот на државноста за самоопределување до отцепување.

Во поглед на амандманите што ги имам поднесено, сметам дека во текот на расправата кој ќе биде повлечен а кој не, текот на расправата ќе го покаже тоа, меѓутоа сметам дека воопшто нема право некој да го суспендира правото на пратениците во една нормална процедура да се расправа по амандманите, заради тоа што ако беше во прашање Уставната комисија да ни предложи дефинитивен текст на Уставот, немаше основ и да го гласаме во овој Парламент. Нека го усвоеше Уставната комисија и свршен чин.

Самиот факт што има толку многу амандмани укажува дека навистина огромен број на одредби од Уставот не се толку одржливи и сите овие

амандмани покажуваат, а тоа е мое лично мислење, дека многу, често пати по старото плукаме непотребно затоа што ако еден средношколец добиеше домашна задача да го препише, да напише Устав, доволно ќе беше да го препише стариот да ги исфрли идеолошките одредби и ќе добиевме устав кој е сто пати подобар од понудениот текст.

Не сум лично против Уставот, што е неминовност. Меѓутоа, на крајот сакам да кажам дека она што се биде утврдено во Уставот граѓаните допрва ќе го почувствуваат во примената на одредбите преку соодветните законски акти. Тогаш ќе се запрашуваме дали точката или запирката во Уставот биле ставени на право место и што тоа во конкретната практика и кај граѓаните како реален однос ќе претставува.

Благодарам за вниманието и сметам дека нема никаква основа повторно, деловнички да се вратиме на повторно прегласување заради тоа што претресот заврши а после гласањето по овој амандман од пратеникот Наум Симјановски се отвори расправа и по другите предлози на амандмани, а претресот и по нив заврши.

Друго, не може да се поврзува преседанот на господинот Голубовски за враќање во повторна процедура и на овој' член. Од кои причини? Од причини што претседателот беше виновен што на пратеникот Голубовски не му дозволи по негово барање амандманот да му биде прегласан повторно. И, кога пратеничката група на ВМРО побара за нивни амандман да се гласа поименично, тогаш револтиран пратеникот Голубовски го побара поименичното гласање. Тоа што претседателот се покаја што направил грешка и го стави повторно на гласање, тоа е друго прашање. Меѓутоа, воопшто тој о^нос со пратеникот Голубовски не може да се врзе со повторно прегласување на членот 1 кој е веќе дефинитивен и усвоен.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, морам да појаснам дека јас не сум се ништо покајал па да му на господинот Голубовски вратиме правото. Не сум му го одзел. Ако се сеќавате како беше, Голубовски надвор од Деловникот предложи да се гласа поименично пред претходно да се гласа јавно во Деловникот само како второ гласаше може да биде гласањето поименично, а не прво. Тој го предложи прво. Јас затоа не се согласив. Тоа е работата.

Сега натаму господинот Петров фактички расправаше за првиот член. Како вели завршена расправа кога цело време расправа за првиот член. Така што расправата очигледно не е завршена.

Има збор Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ;**

Почитувани пратеници навистина ми е жал што и јас ќе морам да ви одземам малку време. Но, како ги изместивме работите од колосек, ќе се приклучам и јас кон таа композиција да се вмешам во дискусијата околу оваа расправа по предлогот на господинот Поповски поединечно да се гласа заради неговото сомневање дека има нерегуларност.

Прво јас го поддржувам тоа, а сакам неколку реченици да кажам во врска со досегашните излагања.

Прво, потполно го разбирам господинот Петров. Логично е неговото размислување, бидејќи сега навистина нема каде повеќе да се ставаат буки на граница што минатата година не чинеа 5 милијарди или 5 милиони долари, а за годинава не знам колку тоа не чини. И повеќе не би сакал околу неговото размислуваше ништо да кажам. Сосема е јасно и на целата македонска јавност за што се залага. Ми пречи тоа што некој мисли дека е

пресреќна македонската нација и народ што се родил тој да го заштити на начин кој го турка во бездна.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, само немојте поименично.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Не зборувам за имиња и презимиња само го спомнав господинот Петров.

(Од место реагира пратеникот Тодор Петров и бара да има реплика).

**СТОЈАН АНДОВ**:

Затоа го опоменувам говорникот, а вие седите таму и немојте да довикнувате од место.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ: .**

Што се однесува до Уставот...

(Од местата каде што седат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се слуша жагор и негативно реагирање).

Ве молам, јас имав трпение да ве слушам сите и чесно е да се слушаме.

Што се однесува до Уставот добро е исто така да се сфати дека овој Устав не се донесува еднаш за секогаш и дека повеќе нема можност. да се менува. Тоа значи дека се она што во практика ќе трпи критика, ќе може и да се менува и да се подобрува во позитивна смисла.

Овде слушнавме доста работи што зборуваат дека ни треба Устав за македонскиот народ и за граѓаните на Македонија. Се прашувам кои се тие

граѓани. Треба ли да видиме кои се? Реалната состојба која е?

Понатаму, се зборуваше македонскиот народ да биде суверен. Со овој Устав мислам дека македонскиот народ е усверен и Македонија е национална држава на македонскиот народ. Ако некој смета дека треба и во секој член понатаму во Уставот да се цитира истото, тоа е друго прашање. Дајте и тоа да го направиме. Нема проблеми. Ако се сомневаме врз себе си, ако се сомневаме дали постоиме. Нели е тоа негирање на постоењето на оваа македонска држава, на македонскиот народ? Каков е тој страв дека не постоиме, па колку повеќе ќе го запишеме тоа, толку повеќе ќе постоиме. Нема никаква причина за тоа.

Понатаму, овде се забележа дека Европа не може да ни пропишува таква работа, не може да ни пропишува стандарди за демократските односи како ќе ги уредиме во македонската држава, што мислам е бесмислена работа бидејќи сите партии, а и поединечно сите зборуваме за таа Европа или пак мислевме на нешто друго, а зборувавме за Европа.

За мене лично, усвојувањето на предложениот текст на Уставот обезбедува и гарантира, доколку тоа се сака, решаваше на сите проблеми и противречности во ова време. Во Уставот, според стандардите на демократските општества решени се човековите слободи и граѓанските права. Меѓунационалните односи се решени со висок степен на можност да се решат на задоволителен начин како би се обезбедило мирно сожителство меѓунационално разбирање и доверба. Да ја сакаш својата нација значи да ги почитуваш и другите. Заради тоа што Македонците не се родени сами да живеат. Тие имаат потреба да соработуваат и да се здружуваат со сите во Европа и во светот. И, ако е тоа така, нема причина да ставаме никакви огради односно да кажеме дека овој Устав ако се

донесе вака запираат сите процеси и застанува се на исто. Се што е кажано во Уставот е условено дека со закон ќе се регулира. Според тоа, кога ќе се донесуваат тие закони, ќе се види колкави се можностите и потребите за поодделни работи и така ќе се донесе.

Благодарам, јас не сакам повеќе да ви одзимам време.

**СТОЈАН АНДОВ**:

За збор се јави господин Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да не беше преносот немаше да се јавам. Меѓутоа, бидејќи се пласираше една дезинформација, и тоа намерна дезинформација, а таквите дезинформации им служат на ВМРО-ДПМНЕ и ДП кога обично сакаат да профитираат нешто. Бидејќи сега беше најпогодниот момент пред македонската јавност тие да се декларираат како најмакедонци, тие измислија некаква коалиција, лев блок ПДП што воопшто не постои. Пред тоа би рекол дека секогаш кога на ВМРО не му успева коалицијата. со ПДП, а многу пати имаше инсистирање да дојде до коалиција, тие добро знаат, тогаш го обвинуваат другиот блок.

Прво, не е точно дека ние сме ги повлекле нашите амандмани. Ние ги повлекуваме нашите амандмани под услов сите да ги повлечат а со цел да се донесе Уставот. Јасно тука се гледа дека некому не му е до тоа да се донесе Уставот, а нам ни е до тоа да се донесе Уставот. Меѓутоа, не било каков устав. Устав прифатлив за сите. Некому тука не му е до тоа воопшто да се донесе Устав, сега сакаат причините да ги гледаат на разни страни.

Најсилниот аргумент е повикување на национална основа. Излишно е тука да губиме време. Ние, овие два дена губевме доста време за небитни

работи. И вака ќе губиме и многу време, а нема ништо да постигнеме. Сакаме јавноста да ја убедиме во нашите аргументи. Меѓутоа кога човек има слаби аргументи тој е неубедлив.

Се повикуваме на некои меѓународни документи, дури вели ме дека некои права се над тие документи, дека ние сме единствена земја која на најпримерен начин ги решила тие работи, додека праксата зборува друго. Само како пример можам да го кажам тоа дека во финалниот документ за човекова димензија од Копенхаген, Парискатa повелба и Хашкиот мировен документ се зборува за национални амблеми а не национални особености какви што ги има во Предлогот на Уставот. Да не зборувам за тие многу права, за што се интересираше еден дискутант тука, а што ние ги имаме како дискутанти.

Се знае, во светот, насекаде во Европа, ако зборувате за Европа, ако зборувајќи за Европа се спомнува СССР, тоа значи дека имаме слабо знаење од Географија бидејќи СССР најголем дел е во Азија а не во Европа. Во Европа, единствена земја која води еднојазична политика, тоа е Исланд. До некаде и Португал. Дури и Англија не е еднојазична земја. Ниту"Франција е еднојазична земја. Затоа, нема да правиме проблем од тоа што не постои. Не би требало да правиме проблем. Ако тргнеме од претпоставка дека јазиците се културно богатство на еден човек, а нам Албанците ништо не ни пречи да зборуваме и да го знаеме македонскиот јазик. Меѓутоа, не гледам причина зошто*некој не го сака албанскиот јазик. Тоа е негова работа. Воопшто не се мешаме во такви работи.

Често тука е спомнувана Франција. Рековме дека Франција е единствен пример на асимилација. Меѓутоа, во таа асимилација има и нешто добро. Ова особено ќе го кажам за членовите на ВМРО-ДП и ДПМНЕ. Точно е дека црнецот во Париз се пишува како Французин. Тоа е сосема точно. меѓутоа точно е и тоа дека црнец може да биде и бил

градоначалник на Париз. Црнец може да биде претседател на САД,според Платформата на ВМРО-ДПМНЕ Албанец во Тетово и Гостивар не може да биде претседател на општина. Тоа е катастрофа во размислувањето на една партија.

Само уште нешто на крајот да додадам. најтежок товар во меѓунационалните односи за време на овие осум месеци во Македонија е токму политиката на ВМРО. Таа политика која не ги признава тие права во тие општини каде Албанците имаат троспратни куќи...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Многу широко отидовте.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Меѓутоа, имаат растурени семејства и каде токму тие Албанци секој ден можеш да ги најдеш и на аеродромот во Скопје, во Цирих сите, а ниту еден во својата куќа. Затоа, апелирам да не навлегуваме во такви расправи по меѓунационалните односи бидејќи и едната и другата страна има доста што да зборуваат. Тие работи да ги оставиме за друг ден. за денеска да тргнеме од таму каде што бевме минатиот пат. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Господин Ковачевски бараше збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи јас имам дадено неколку амандмани па се осеќам слободен да Ви кажам, да не ги повлекувам , но ќе продолжам да ги бранам до крај, а покрај тоа би кажал и неколку збора.

Последниот дискутант падна во некои контрадикции па кажа дека црнец во Париз може да биде градоначалник. Навистина може, а го повтори тоа и тоа се пишува Француз, а албанецот во Македонија не може. Да прашам , па дали албанецот се пишува македонец? Што значи тоа? Значи ние им даваме големи права. Во Македонија досега имало и градоначалници албанци и не е ништо смешно тоа господа пратеници од ПДП и НДП. Дали е ова смешно. Нација што дала толкави права и уште ќе се смеете.

Понатаму кога се прави основниот закон на една држава, заправо Уставот мора да се тргне од националниот карактер на тој народ што го прави тој устав. Компромис со малцинства ни една земја досега не правела. Едини сме ние во светот што правиме компромиси со малцинства при градење на устав, кога се гледа националниот карактер на тој устав, а кога во тој устав се гледа за човечките права, компромиси се прават. Ние имаме дадено толкави човечки права на малцинствата што ниедна земја во светот тоа го нема дадено . И остануваме на тоа. Верувам они не се задоволни, но бидете уверени дека нема други поголеми права.

Ми се споменува одење во Цирих овде на аеродром. Па дали македонците од Албанија , па и самите албанци одат во Цирих. Значи какви права имате вие. Што поголеми права сакате од тоа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Немав воопшто намера денес да се јавам да дискутирам, освен за своите амандмани што ги предложив и немам намера да ги повлечам.

Сакам да укажам на неколку работи.

Прво, овде од повеќе места се протура една теза, тоа го кажаа и господата од Социјалдемократскиот сојуз од Реформските сили- Либерална партија, а и последниот дискутант од ПДП-НДП коалицијата, дека тука некој се залага за устав, а некој е против устав, конкретно алудирајќи сите на нашата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ:

Најодговорно изјавувам дека тоа е моторна невистина и дека ние апсолутно се залагаме Македонија да си добие устав и конечно да стане држава. Фактички, тоа е и наша главна партиска определба во нашата партиска програма . И немојте, ве молам, со такви тези понатаму да настапувате.

За тоа кој прави коалиција со ПДП, господинот Халили рече дека имало обиди од ВМРО-ДПМНЕ за некакви коалиции. Секој кој сака да провери кој правел коалиција со нив, може најдобро да ги земе одлуките што ги носеше овој Парламент за овие 10 месеци игласањата, па најдобро ќе се види кој како гласал и кој бил во коалиција со кого.

Исто така, не би се согласил со излагањето на господинот Халили каде што вели дека најголем виновни за сегашнава ситуација во Македонија е Партијата на ВМРО-ДПМНЕ• Апсолутно тоа не стои. Јас имам право да мислам и тоа мислење ако треба ќе го кажам кои е најголем виновник , но мислам денеска не е ни место ни време за такви дискусии.

Апелирам до сите 120 пратеници, најповеќе до претседателот, господин Андов да се држиме на она излагање на господин Ефтим Манев, денеска што го кажа, дали сме ние овде дојдени да носиме устав или не. Кога веќе јасно сите кажавме, од сите партии дека сме дојдени за да носиме устав на Република Македонија, па дајте и тоа да го правиме. Дајте да почнеме по амандмани, да видиме кој се повлекува со своите предлози, има право да се повлече, тоа е негово статутарно право, кој не се повлекува не се повлекува, не мора за тоа да се обвинува. Ние ќе излеземе ќе си дадеме образложение секој поединечно и за сите партиски амандмани ќе гласаме па понатаму ќе видиме.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Како пратеничка во Македонскиот Парламент, истовремено сум и претставник на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ тука оваа говорница беше злоупотребена на неколку пати и на денешната седница за политички маркетинг, за разни инсинуации и политички подметнувања и пред малку исто така за некаква си наводно коалиција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ПДП-НДП итн.

Не сакам да ги коментирам ваквите обиди за подметнувања, но ќе одговорам на инсинуацијата дека ВМРО одбива албанци да бидат како недомократска партија на одговорни места Мислам ние тука имаме конкретен пример, господинот Мурати е потпретседател на македонскиот парламент и ВМРО-ДПМНЕ со своите пратеници во македонскиот Парламент го прифатија како^рамноправен член на македонскиот Парламент и потпретседател на Парламентот.

Не сакам натаму да навлегувам во останатите инсинуации што беа тука истакнати,само сакам да придонесам за работната атмосфера на нашата денешна седница. Имено , сакам да се навратам на точката што ни беше на дневен ред, околу враќањето на членот 1 повторно на гласање.

Сметам дека создавањето на можност за повлекување на веќе усвоениот и утврден член 1 на текстот на Уставот, дава за право да се фрли сомневање на се она што при постапката за утврдување на понатамошниот текст на Уставот е утврдено. Имено, членот 1 е изгласан, а сега се бара тоа што е изгласано и утврдено да се повлече односно да се негира. Прашувам дали ако се влезе во река ќе може да се излезе од неа ненатопен. Дали Уставот е магија . Дали постапката околу утврдувањето на текстот е магија и кој се осмелува да ни ја наметне идејата дека она што веќе сме го утврдиле ќе биде погубно за Македонија. Нека се каже, јасно, аргументирано, но да се погледне во очи на вистината, бидејќи само така ќе можеме да го прифатиме она што некој ни го нуди, да ги прифатиме манипулациите и миењето на рацете.

Некои сега на оваа седница се осмелува да ни ниту конечни и единствени решенија, а се декларираме како демократска држава. Дали тоа не е сомнеж дека оваа држава само на хартија ќе се декларира како демократска, а во стварноста тоа не е. Во утврдениот член на ставот 1 веќе се декларираме, меѓу другото, и за демократска држава. Кој може да ги убеди оние кои без притисок, без пресија гласале , без контрола. Која е., таа сила која што може демократски изразената волја на пратениците да ја сруши.

Дали тоа не е стравот, дали во оваа намера има нешто скриено.

Членот 1 е утврден како таков и како таков треба да остане. Тоа всушност е ставот на Пратеничката група на ВМРОДПМНЕ. За да се измени веќе утврдениот член 1 треба до крај да го утврдиме текстот на овој Предлог на устав, а потоа врз основа на одредбите содржани во новиот устав, да се измени она што веќе пред некои миг сме го утврдиле токму врз основа на тие нови одредби.

Пратеничката група на ВМРО инсистира и бара прекинатата расправа по членот 2 да продолжи, а на враќањето и негирањето на она што веќе сме го усвоиле е неспоиво со парламентарната демократија.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Јас предлагам од сите учесници овде да се прифати овој апел на госпоѓица Димовска да не се користи оваа говорница за инсинуации и маркетинг бидејќи работиме на донесување на Уставот. Да бидеме расположени работно. Без дисквалификации на другото мислење без епитети', без демонизација на оној кој поинаку мисли, затоа што е невозможно така да се работи ни по една обична одлука, а камоли по таков акт каков што е овој Устав. Сите ние овде седиме затоа што сме избраници на народот и кога луѓето малку би поразмислиле како едни на други си упатуваме пораки, ќе мислат дека не не испратил овој народ, туку кој знае од кај сме дошле. Таа работа не е добра. Ние на тој начин ја деградираме атмосферата во која работиме на овој устав. Мислење може да има секој, предлог може да има секој, и секој има еден глас, но да не ги

дисквалификуваме туѓите мислења и туѓите права на размислување и да не кажуваме дека само ние сме за Македонија, а другите сите се против Македонија итн., затоа што е оргинарна лага, сами велите дека тоа не е така. Затоа велам, нека се бори секоја партија и секој политичар за својот маркетинг, за својот имиџ, но ве молам, како браќа и сестри ве молам, немојте сега да го правите тоа. Сега треба да го донесеме уставот, ништо натаму.

Сега предлагам да дадеме една пауза, бидејќи еве имам навестување од некои пратеници дека има потреба од пауза.

Предлагам пауза, а во 18,00 часот да продолжиме со работа.

(По паузата).

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани дами и господа, мислам дека се наоѓаме во еден исклучително тежок момент која е оптоварена со внатрешни проблеми и надворешни, а во таа целокупна обременета ситуација, ние треба да одлучуваме за доста важни работи, т.е. за донесувањето на уставот на Република Македонија. Овдека се расправаше доста контравраќањето на член 1, а јас со оглед на тоа што се случуваше вчера, кога направивме доста отстапки и од деловникот мислам дека има место за една институција интегрум. Сметам дека навистина нема место и најмалку имат морално право ова враќање на поранешната положба да го спречат, односно да не ја прифатат токму авторите на некои амандмани кои веќе беа прифатени вчера со општо гласање, па ги вратија со искажување на недоверба, дека не е гласано протесно, не се избројани гласовите итн. А токму пратениците од ВМРО и господинот Голубовски беа тие, кои ги иницираа овие работи чии амандмани беа повторно ставани на гласање и се гласаше дури и поединечно. Затоа мислам дека држи иницијативата која ја дадоа пратениците на Реформските сили Либерална партија тоа навистина да се прифати. Кога сум овдека што би рекол господинот Ханџиски, патем да кажам и нешто друго. Сите сме свесни дека од првобитно значење е фактот дека овдека во Македонија се изнајде еден општ консензус односно разбирање помеѓу и нас пратениците во Парламентот, Албанци, Македонци итн. а и пошироко меѓу граѓаните Македонци, Албанци, Турци и др. Оттука, ако е тој нотoрен факт за стабилноста и општиот развој на Република Македонија, што сметам дека, ме зачудува една теза која често овде се

лансира од одредени пратеници кои за да го одбегнат сомневањето дека случајно една партија е во коалиција со ПДП и НДП, секогаш изразуваат јавно негодување со тој со такви сомневања и на јавноста и се обраќаат да докажуваат дека ете не се во коалиција со ПДП и НДП. Јас мислам поинаку. Јас сум за коалиција за било која партија Македонци, било тоа од десната или од левата страна овдека. И тоа би ме радувало, зашто свесни сме дека без таа поврзаност, без тоа заедништво, нема заеднички живот, нема просперитет во Македонија. А ние упорно работиме токму на спротивното. Се обидуваме со сите сили да докажуваме како ВМРО или реформистите или некоја друга партија не е во коалиција со ПДП и НДП, што сметам дека е доста погрешна теза и сметам дека и јавноста не ја одобрува таквата филозофија. Овде господинот Петров на долго и широко зборуваше за позицијата на албанците во Македонија и за делувањето на позицијата на Партијата за демократски просперитет. Јас ќе му бидам благодарен за грижата што ја води тој и за потрошеното време овдека на говорницата, за положбата на Албанците на ПДП и НДП. Меѓутоа, мислам дека во конотација во која тој се искажа, таква грижа не им треба на албанците. Додека за фактот кој беше овдека изнесен, иако доста работи тој кажа меѓутоа треба да биде човек навистина добар стенограф, да ги фати тие белешки, меѓутоа не можев да заборавам за е^ен факт за кој рее дека ете во ваквата политика која се водеше овие 45 години не доведе до состојба, кога во Западна Македонија има еден расцут, што тој се обидуваше да го опише со трикатните куќи, а во Источна Македонија еден пустош. Можеби е и така, меѓутоа, тука влијаеле многу моменти. Впрочем и доселувањето во градот Скопје е еден аргумент за состојбата во Источна Македонија, зашто се знае какво беше Скопје пред 45 години, а какво е денес.

Јас не го негирам фактот дека тука влијаеле економски, социјални, политички и други моменти, меѓутоа, тоа е факт дека едно огромно население од периферијата е доселено во Скопје. Така да, навистина моментот е многу тежок и не сакам да се задржувам понатаму, единствено би ве повикал да поминеме на задачата што не чека и која навистина е доста тешка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ние вчера не ја одржавме седницата,кажавме дека продолжува. На неа имавме дневен ред. Тој дневен ред ги почитуваме, и така е. Ако се држиме на зборот "продолжува" значи треба да продолжиме. Тоа е утврдено. Меѓутоа, стана пореметување откако господинот Поповски стана и даде предлог една работа која се утврдува на претходниот ден во член 1 кој беше утврден од ова Собрание да претрпи измена и понатаму после него одделни поединци од пратениците кои имале амандмани или претставници на политичките партии, односно на парламентарните групи, поставените амандмани да ги повлече. Овдека настанува една практична правна заврзлама. Ако ја одгатнеме неа, што не е многу ни тешка, ќе најдеме и начин да работиме. Стои предлог дека треба да се вратиме назад. Или ќе го прифатиме или не. Тоа е едно прашаше. Овде основното прашање што се поставува е: Дали ќе настапуваме како правна држава, на правната држава се состои во тоа ако ги почитува законите, а почитување на законот значи правна сигурност. Дали ќе го нарушиме принципот на правната сигурност и она што сме го утврдиле ќе треба сега да не биде лошо разберено, да не биде директорски сфатено, Судот единствено што не може да каже е дека нема решение за некое прашање. Што значи дека ова Собрание ќе мора да најде решение како да продолжи со работа, затоа говорам до сега како пратеник. Сега кажувам:

На ВМРО-ДПМНЕ му станало животно Устав на Македонија како независна самостојна држава мора да се донесе. Овдека станува збор. Дали треба да го донесеме Уставот што го уважува како текст Уставната наредба или преку работа на целото Собрание ќе биде тој текст уважен, или ќе има некои измени со дополнување, и скратување и не е чудо некој член да се избрише и да се допише. Ова е суштината на работата. Ве молам ако прифатите да најдеме како Собрание решение, да не се повикуваме повеќе што е тоа партиски маркетинг, дали некој со некого води коалиција или не води коалиција, дали на некој му станало да го донесе Уставот или не. Дали на некој му станало или не, за другите партии не говорам, затоа што не припаѓам, меѓутоа, на ВМРО-ДПМНЕ му е станало овој Устав да биде донесен и ова вечер.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Треба да најдеме излез. Имаме предлог од господинот Поповски. Го давам на гласање предлогот на господинот Поповски Димитар, дали повторно да гласаме за амандманот на Симјановски.

Кој е за тоа да крене рака. (Делегатите креваат рака). За предлогот на господинот Поповски гласаа 68"пратеници. Според тоа имаме повеќе од половина од вкупниот број на пратеници. Одиме на поединечно изјаснуваше. Сега господинот Шиковски да ги чита.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи го отворивме членот 1, јас имам уште еден предлог околу тоа. Незнам која беше целта на групата на Реформските сили по овој амандман, сега веќе не е тешко да се претпостави дека тој со гласањето ќе падне и по мое мислење ќе се отвори празнина и ќе биде едно осиромашување на нашиот устав. Затоа имам еден предлог со кој до некаде би се пополнила таа празнина, без негативните ефекти за кои што зборуваше пратеникот

Поповски. Се работи за уште еден амандман во првиот член кој што не помина во првото гласање,а тоа е членот од пратениците Томе Стефковски и Драги Арсов. Во врска со војното државјанство.

Јас сакам да ве потсетам господа пратеници дека резултатите сите ги имаме од јавната расправа ги читавме, слушавме голем број соопштенија и во печатот читавме исто така, и свесни сме дека македонскиот народ бара од нас во Уставот да биде спомнат како носител на суверенитетот на Македонската држава. Едно извесно дополнување на таа празнина би бил амандманот кој што гласи: "Република Македонија го признава двојното државјанство и на сите лица од македонско потекло може да им се даде македонско државјанство. Тоа на некој начин придонесува за решавање на болните проблеми од дијаспората, последица на досегашната политика на Македонската државна власт и ќе помогне да се надминат неправдите на овој народ, потиснат, омаловажуван, дури и прогонуван од властите на сопствената држава. Јас ве молам за дозвола да ја искористам деловничката одредба за изразување на сомнение и да побарам поединечно гласање по овој амандман од првиот член. Бидејќи жалам што многу време изгубивме во ресторанот и во фоајето на Собранието, а можевме тоа време од говорницата за некои суштински проблеми да расправаме, јас сосема накратко ќе го искористам ова мое излегување да укажам на нешто што ми се чини многу суштествено бидејќи забележувам дека земам акт едно тврдење, една идеа и во печатот и кај многу наши пратеници, за кое недоволно поразговаравме, а се работи на најсуштинското денеска, за кое што треба да креваме рака и да се изјасниме. Тоа е темата: граѓански устав, национален устав. На ова ме

натера, а се воздржував 'заради оптоварување временско и секакво и на нервите и воопшто на Собранието и на пратениците, но денеска дискусијата во која што се слушнаа зборови, одлуки од струка и наука, во која што се доведе во корелација јадење: корења,со националното со гунчиња и такви работи, со други зборови една пежоративна употреба на националното и го врзувам со овој проблем граѓански и национален устав и не во вид на реплика, туку само заради тоа што ми се чини дека тоа претставува една општа штета на општата свест на нашиот граѓанин.

Само неколку збора сакам да кажам во врска со овој проблем. Има народи сигурно кои што своите фармерски панталони, или каубојски чизми ги воздивнуваат не само како свој симбол, или како светски симбол, или романските шубари. Воопшто. Тие народи немаат среќа да имаат такви симболи какви што ги имаме ние. Прв универзитет на Балканот итн. Не е важно што е. Важно е своето да не се понижува.

Мислам дека темата граѓански устав, национален устав е вештачка е книшки и неавтентичен пристап кон работите. Тоа не се спротивставени поими. Напротив, граѓанското и граѓанскиот устав го содржи националното и националната свест. Нашите експерти сакат да не убедат е нешто што се подразбира само по себе. Да, но за Французи или Германци, да живееме во Франција или Германија. Мислам дека извор на сето ова е еден умствен блок, една блокада и мислам дека имено граѓанството треба да се гради, да се надградува на граѓанското во Македонија од пред 50-тина години. Од тој темел натаму да се тргне.

Сакам накратко, да не остане во сферата на апстракции да ја илустрирам оваа ментална блокада. На пр. да ја немаше оваа ментална блокада, јас не би била изненадена како средношколка ученичка, отидов да студирам во Љубљана. И многу се изненадив таму кога видов дека историја учат сосема поинаку отколку ние. Главна тема беше историјата на словенечкиот народ. Кај нас исто така беше поинаку. Тоа нешто не се подразбираше кај нас. Има една фраза и се зборува дека јас не сум комплексиран, јас сум македонец, но во нашето однесување, живеење тоа не е така. Не би била изненадена подоцна кога во сферата на уметничкиот живот чувствував дека не се однесуваме така како другите. Кај нас нема реципроцитет. Исто така и во банкарството, туризмот, мало стопанство, секаде. Мислам дека тоа е тој дух на таа ментална блокада. Затоа сметаме дека дефиницијата за носителот на државноста во Македонија треба да стои најмалку од две причини: Едната е духовно психолошки ефект на самиот народ овде, меѓу другото граѓаните кои што избегнале на некој начин индоктринација дали помалку читаат весници, или помалку се во контакт со било што, поживо го чувствуваат тоа од еден дел на интелектуалниот слој заради трите соседи кои што ни се смеат во лице и заради тоа. Основно е за мене да го кажам од оваа говорница дека сметам без национална свест нема вистинска граѓанска свест.

Што се однесува до уставното право ние до прва треба да образуваме класа на суверени политичари, научници и филозофи.

**РАТКА ДИМИТРОВА**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ) .

Научниците како Џон Адамус, Медисон, Лафает биле големи демократи, не се потпирале само на општо прифатени норми, туку главно на својата интуиција и на чувството за формирање на нов квалитет на свеста. Тоа се крупни фигури, додека новото што сега се чувствува не само кај нас во Македонија, туку општо во светот.. .

(Во салата се слушаше негодуваше).

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, со внимание да слушаме кога некој има легално збор.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

... е регионализацијата, која што кај нас се става... Веднаш завршувам, готова сум. Се сваќа како политички проблем. За мене тоа е нов духовен квалитет. Покажува дека секоја и најситна различност е квалитет во општочовечкото и само преку таа различност лична, фамилијарна, народна, можеме да стигнеме до универзалното. Никако не треба да се пикнеме во кожа веднаш на универзалното. Тоа нема да биде квалитет и нема да бидеме достојни граѓани на светот. Народни учители, суверени граѓани општо со висока национална свест.

Уште еднаш молам, да се изјасните по овој амандман за кој што молам и да ги заборавиме партиските интереси, да бидеме демократи, суверени граѓани одговорни спрема своите бирачи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Нормално, можеби би требало да се даде пауза заради консултација, но сепак од овде од говорница ќе ја замолам госпоѓа Ратка Димитрова да го повлече амандманот, бидејќи со тоа би се дало покритие на преседанот, кој

е навистина преседан, бидејќи другите случаи се според Деловникот и ќе се разводни она што денес се случува во Парламентот. Уште еднаш би ја замолил да го повлече својот амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед ан тоа што Собранието одлучи како одлучи, што квалитативно ја измени фактичката состојба во текот на седницата, предлагам и барам всушност, бидејќи по однос на став на членот 1 имав амандман кој што го повлеков бидејќи се усвои амандманот на пратеникот Наум Симјановски, повторно го активирам амандманот и барам после гласањето за овој амандман бес поименично гласање да се гласа за амандманот кој што го имав поднесено на член 1.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Всушност, цел ден ние водиме расправа за член 1. Зошто не се признае тоа. Цел ден господинот Петров и сите други расправаат за член 1. Ако вака ги редите амандманите, предлагам сите амандмани на член 1 да добијат легално, повторно да ги разгледаме. Ова е најпринципиелно решение. Молам, цел ден се расправа, и тоа е така, расправата покажа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа е в ред, само да кажам. Гласањето по другите амандмани беше извршено и по амандманот на Владимир Голубовски беше извршено, и по амандманот на Наум Симјановски и на пратеничката група на Реформските сили и на другите комисии. Гласањето по сите амандмани се изврши легално.

**СТОЈАН АНДОВ**:

И легално ти си го повлече.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлеков заради тоа што беше усвоен на пратеникот Наум Симјановски. Меѓутоа, бидејќи го враќаме во процедура на изјаснување, независно од исходот' на гласањето, барам по мојот амандман да биде гласано после гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Предлагам да го усвоиме и ова. Ве молам, да работиме еднаш.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

Ве молам, броите, сите нека се избројат и еднаш нека се стави ред овде.

За овој предлог на господинот Тодор Петров гласаше 91 пратеник.

Тој предлог е усвоен.

Се разбира, усвоен е и предлогот на пратеникот Ратка Димитрова.

Ве молам, господинот Харуни повторно сака нешто да каже. Молам, да бидете многу краток и да почнеме да работиме веќе еднаш.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дами и господа пратеници, овие 10 месеци конкретно тука се повикуваме на демократија, се повикуваме на Европа и се она што најм нај, нај, а по се ова што веќе се случува во самиот парламент, ние во Европа не сакаме да влеземе. До колку тоа ни се овозможи изгледа дека сакаме сите

подеднакво со сите наши носии да влеземе внатре.

За сето тоа предлагам во наредниот период, на сето ова, на целата оваа тирада и овозможува и Телевизија Македонија. Затоа беспредметно е секој од нас, било кој да е, ова сака да го употребува за свој политички маркетинг. Затоа предлагам во наредниот период вакви седници да не бидат директно пренесувани нас Телевизијата.

**ЕДЕН ПРАТЕНИК ОД МЕСТО:**

Само во Албанија може.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Можеби ефикасноста и во наш интерес ќе биде за работа на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Овој предлог на господинот Харуни го сфаќам како сугестија, но не и како цврст предлог а тоа морам да го давам на изјаснување. Собранието од првата седница има свој став и остануваме на тоа.

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

Одиме на амандманот на пратеникот Наум Симјановски. Ќе одиме на поединечно гласање. Ве молам, гласаме за амандманот на Наум Симјановски и за амандманот на Стефковски и на Арсов повторно. Бидејќи се изјаснуваме поединечно гласаме, а за амандманот на Стефковски и на Арсов повторно бидејќи се изјаснуваме, поединечно гласаме, а за амандманот Тодор Петров се гласа јавно. Ве молам, да создадеме услови да работиме, Ви се молам. Ајде еднаш да почнеме да работиме.

(Секретарот на Собранието Милован Шиковски ги прозива пратениците по список)

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Фаик Абди - не

Газменд Ајдарага - против

Хамит Алиу - против

Ешреф Алиу –

Стојан Андов - против

Гоце Андоновски – воздржан

Митко Анастасовски - јас гласав завчера. Сега не го прифаќам тоа, затоа што детето за мене беше мало.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, седете таму и кога ќе ве извика треба да си кажете.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Тиме Андонов - за

Никола Апостоловски - за

Душко Арсовски воздржан

Драги Арсов - за

Бранко Арсовски - воздржан

Ламбе Арнаудов - за

Јордан Бошков - за

Горѓи Бојковски - воздржан

Тодор Гајдарџиски - воздржан

Александар Гештаковски - воздржан

Петар Гошев - го прифаќам барањето

**СТОЈАН АНДОВ**:

Кажи за што си сега.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Петар Гошев - против

Туше Гошев - воздржан

Владимир Голубовски - не учествувам во лакрдија

Драги Гроздановски - за

Санде Давчев - воздржан

Димитар Димитровски - воздржан

Тодор Димов - воздржан

Доста Димовска - одбивам да гласам бидејќи си го кажав мислењето.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не гласа таа, воздржана е.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Не е така. (Реакција од повеќе пратеници)

**СТОЈАН АНДОВ**:

Па гласајте тогаш, ве молам. (Повторно реакција од некои пратеници). Не гласала.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Ратка Димитрова - за

Петар Георгиев - воздржан

Борко Горчевски - за

Душко Горѓевски - воздржан

Зуди Емини - против

Јордан Зафиров - против

Горан Зафировски - јас гласав завчера за

Насер Зибери - (не е тука)

Васил Зимбаков - воздржан

Ванчо Златанов - воздржан

Борис Змејковски - (не е тука)

Симеон Ивановски - воздржан

Љубисав Иванов - (не е тука)

Јаким Ивановски - за

Иван Иванов - против

Љупчо Јакимовски - за

Цветан Јовчевски - за

Ристо Јованов - за

Џулистана Јумеровска - воздржана

Ристо Ќелешов - воздржан

Ташко Киров - за

Зоран Китев - за

Кирил Ковачевски - за

Горѓи Котевски - за

Стојан Ковачевски - (не е тука)

Зоран Крстевски - воздржан

Никола Крстевски - за

Билјана Лазаровска - за

Вецко Личовски - за

Коле Луловски - за

Флоре Масалковски - воздржан
Јован Манечвски - воздржан
Ефтим Манев - воздржан
Страшо Милковски - против
Панчо Минов - воздржан

Марин Миленковски - воздржан

Владимир Митевски - воздржан

Трајан Мицевски - за

Ванчо Младенов - воздржан

Џеладин Мурати - против

Авди Муртезани - против

Наиф Мустафа - против

Симон Наумовски - воздржан

Панче Насев - воздржан

Славе Наумовски - воздржан

Богдан Неделковски - за

Душан Николовски – против

Јован Николов - воздржан

Тодосија Паунов - воздржан

Михаил Пановски - за

Томислав Пецаков - за

Тито Петковски – против

Тодор Петров - за

Мерсим Положани - против

Димитар Поповски - против

Киро Поповски - воздржан

Љубомир Поповски - воздржан

Шабан превала - против
Исмет Рамадани - против
Божо Рајчевски - (не е тука)
Неим Селмани - против
Ферид Садику - против
Арслан Селмани - против
Наум Симјановски - доследен на својот амандман,

Ацо Спировски - не гласам

Ристо Станковски - против

Наќе Стојановски - против

Славјанка Стојанова - воздржана

Никола Стојановски - воздржан

Стоиле Стојков - за

Томислав Стефковски - за

Ристо Стаменов - (не е тука)

Томислав Стојановски - против

Оломан Сулејмани - против

Џелил Таири -

Петар Темелковски - за

Гоце Темелковски - за

Благој Тошев - за

Петре Трајановски - против

Петре Трајковски - за

Димитар Трпеновски - за

Душан Трпчевски - за

Агим Фазлиу - против

Александар Флоровски - за

Благој Ханџиски - воздржан

Абдурахман Халити - (не е тука)

Сејфедин Харуни - против

Мухамед Халили - против

Стојмир Цветковски - воздржан
Бранко Црвенковски - против
Неџати Џафери - против
Алил Џаферовски - против

Веби Џемаили - против

Благоја Чкатровски - за

Хисни Шакири - воздржан

За амандманот гласаа 40 пратеници.

40 пратеници гласаа за овој амандман. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде седиме и имаме предлог амандманот да биде повлечен. Ние гласаме дали да се повлече или не.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не гласавме дали да се повлече.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

40 гласа ако е повлечен нема што да работиме. Штом одиме на гласање значи имаме позитивна или негативна одлука. Овде Собранието се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, господин Стојановски, гласавме дали да се усвои амандманот или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, ако е повлечен што ќе усвојуваме.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не, не е амандманот на пратеничка група туку на поединец.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па го повлекоа луѓето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тој не го повлече, затоа и гласавме. Недоразбирање е. Ве молам, готово е тоа.

Одиме на амандманот што овде го предложи повторно да се изјаснивме госпоѓата Димитрова.

Во врска со тој амандман се договоривме и излагасавме дек повторно треба да се изјасниме поединечно за него.

Дали некој бара збор.

Станува збор за амандманот што го предлага госпоѓата Ратка Димитрова,повторно да видиме, во Комисијата беше речено дека не се одби амандманот како материја туку е тоа составен дел на Законот за државјанство. Ве молам амандманот не беше одбиен во Комисијата како материја, но не беше прифатен да ; се вгради во текстот на Уставот, а со препорака да биде вграден кога ќе биде работен Законот за државјанство.

Дали госпоѓа Димитрова Се согласува со тоа.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ако може по текстот како што е да гласаме.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, ценам дека предложениот амандман ќе внесе едно дополнително вознемирување, заправо класификација или попрецизно поделба на граѓани на Македонија. Би било ред да се прифати по раката, овој предлог или оваа замисла да би де вградена кога ќе биде законот.

Во Уставот ова да не влезе дури и под претпоставка да е поправилно, попрецизно формулиран и тоа бараше, тоа право да го уживаат сите граѓани на Македонија, а не врз национална основа. Да не прејудицирам треба да биде гласан или не, бидејќи секој ќе гласа по својата определба.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, инаку во гласањето овде Собранието при- фати повторно да се гласа. Сега треба повторно да гласаме за тоа, меѓутоа, ако се подразбере дека овој амандман содржински се прифаќа, само не за уставот, тоа би значело дека амандманот го упатуваме на законодавецот ако случајно не се добие мнозинство да треба да биде тогаш вграден во законот за државјанство. Јас затоа го кажав тоа. Амандманот не е одбиен материјално, туку ако не се гласа, не се гласа само заради тоа што не е уставна материјал затоа што тоа беше став на уставната комисија. Тоа го изнесувам овде.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нема да ве задржувам многу. Јас веќе не знам кој сум сега. Незнам ни на која нација припаѓам. Значи, го доведовме народот наш да верува дека е народ, а да не знае од која е нација. Ви благодарам за тоа.

Сега бараме две државјанства. Тоа е добро да имаш две државјанства,но треба да имаш држава за две државјанства. Треба да имаш национална држава за две државјанства. Ние не ја створивме државата. Според мене целта на македонскиот народ нека ми прости претседателот на Републиката, се сеќавам на неговите први зборови на првата седница кога рече и зема обврска дека ќе направи држава. Меѓутоа, не се смејте затоа што утре ќе плачите, нашата држава е ненационална држава. Јас на тоа верувам и дури да пцовисам ќе верувам. Ќе пцовисам и нема да имаме држава. Јас не знам сега кое државјанство да го фаќам. Првото државјанство или второто државјанство. Ќе бидам човек со две

државјанства Јас ќе бев задоволен со тоа мојот брат во Канада да има две државјанства, но да има да знае на која националност припаѓа. Да има своја матична држава. И ова е една голема игра што ја направивте. Голема игра за која никогаш нема да ни прости македонскиот народ. Гласај, на ти ја топката, земи ја топката. На крајот пукна топката, заврши играта. Не, вака држава не се прави. Кој сака нека ме мрзи кој сака нека ме сака. Јас не сум парапсихолог, но да ви кажам нешто сум видовид. Верувајте ни дека е^ен ден ќе видите дека вашата судбина си ја решивте токму во оваа сала, македонскиот народ

Односно не вие, не ние му ја решивме судбината на Македонецот. И пак ќе повторам. Со какво лице тој македонец ќе излезе во дијаспората и во чије име? До вчера го лажевте дека ќе направите држава, а државата не ја доби. Ако имаме малку свое...

**СТОЈАН АНДОВ**:

Јас ве молам, ние изгледа не знаеме да престанеме со расправи.

**МИТКО АНАСТАСОВСЌИ:**

Не,не, јас ќе кажам, го имам тоа право да го кажам. Јас не му завидувам на другите малцинства, затоа што тие знаат што бараат. Но, за жал Македонецот не знаеше што бара, и беден како секогаш ќе ја напушти оваа сала и ќе го продолжи патот со питачки стап низ дијаспорите. Да, драги колеги тоауќе не снајде. Дури кај нас постои туѓото во нашата мисла, дури кај нас постои кариеризмот, дури постои бирократизмот и технократизмот во обратен смисол и митото ние ќе бидеме бедни македонци.

За жал и во тие уставни комисии кои ги формиравме немавме луѓе кои правилно ќе не ориентира да со аплауз го прифатиме Уставот на Македонија. Немавме. Тоа ќе го потврдам и ќе го прикажувам дури сум, а и

вие самите утре задутре ќе бидете свесни, ќе се отрезните и ќе видите дека вечерва ја направивме најматеријалната и катастрофална грешка. Парите ќе се потрошат, ќе ги изедете, животот ќе ви помине, а тешко на поколенијата македонски, како што ние, не сите го поминавме патот по голготите. Да драги пријатели, еден брат во Канада, другиот во Австралија, третиот незнам каде. Значи судбината е иста таа која ги чека нашите деца и внуци. Ако мислите дека ќе не уништите сами се уништувате.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, постојано отвораме нови направи, како можеме да минеме на одлучување?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Заради консултации пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Се прифаќа , пауза од 15 минути.

(Пауза од 19,20 до 10,40 часот,).

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави госпоѓа Ратка Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

По консултации со групата која го изготвуваше Уставот, а со цел да не се оптоварувам процедурата што е сврзано со време, предлагам овој став, амандман да влезе како заклучок на Собранието за во законот за државјанство.

Значи да не се гласа во Собранието поединечно до него.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Значи, да се упати до Владата, бидејќи таа го подготвува законот. Како донесуваме работен заклучок го упатуваме до Владата.

Молам, кој е за предлогот на госпоѓа Димитрова да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Владата ќе ги испита сите околности и ќе најде место и решение за ова.

Минуваме на амандманот што го поднесе господинот Петров.

Тој е во прегледот на неприфатените амандмани на членот 1, под број 7.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот на господинот Наум Симјановски што не го прифативме, сосема ни е познат. Познат е впрочем и амандманот што го имам поднесено јас, меѓутоа, сепак би апелирал до пратеничкиот состав на Републичкиот парламент на Република Македонија да го прифати амандманот на членот 1 да се додаде нов став кој ќе гласи: Република Македонија е држава на македонската нација и држава на рамноправни граѓани".

Заснованоста на овој амандман се однесува на следното. На

Петнаесеттата седница одржана на 23 мај о.г. републичкиот парламент едногласно го прифати предлогот за пристапување кон измена на уставот на Социјалистичка Република Македонија со донесување на нов Устав на Република Македонија чије што трајно финале е оваа седница кога треба да го утврдиме и прогласиме текстот на Уставот.

Предлогот на претседателот на Републиката се засновува на истите постулати. Имено, во неговото обраќање до Собранието на Републиката што беше едногласно прифатено се наведува меѓу другото дека Република Македонија со новиот устав и со донесувањето на новиот устав ќе се потврди и изрази конституирањето на македонската држава како суверена демократска и правна држава, која ќе се засновува врз суверенитетот на македонскиот народ и граѓаните на Македонија. Во предлогот што го достави претседателот на Републиката, во точка 1 сосема фино се објаснува оваа негова теза. Имено, во точка еден вели: "Република Македонија е суверена држава на Македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во неа". Ова ни го поднесе претседателот на Републиката и ние едногласно го прифативме. Предлогот што го прифативме за да се донесе овој устав се употребуваа и термините"во овој контекст на гаранциите на правата на граѓаните", со уставот треба да се обезбеди во промоцијата и заштитата на колективните права на сите националности, национални малцинства и етички групи. Македонија како мултикултурно општество, општество во која заштитата на колективните права на малцинствата има традиција и високи стандарди и досега треба да бидат прецизирани и втемелени во Уставот. Ние зборот "малцинства" никаде не го употребивме во Уставот. Тоа беше грешката во преамбулата, меѓутоа се заврши со гласањето.

Сметам дека и првото гласање во овој Парламент јасно и недвосмислено покажа дека сепак постојат различни политички опции и погледи на прашањето за конституирањето на македонската држава

И, од една страна дека треба да биде граѓанска, од друга страна дека треба да биде национална иако не постои никаква причина да биде посебно нагласено ниту национална ниту граѓанска. Држава си е држава. Од тие причини сметам дека за да сепак не ја зголемиме тензијата на меѓусебните емотивни набои кај обичниот граѓанин во Република Македонија, Републичкиот Парламент не треба да ја прокоцка можноста да навистина утврди посебен став во членот 1 со кој ќе се издефинира она што и претседателот не го предложи, она што сите ние го прифативме дека Република Македонија е држава на Македонската нација и држава на рамноправни граѓани.

Лично можам да кажам дека по редоследот на гласањето, гласам за предлогот на пратеникот Наум Силјановски. Гласав иако знаев дека има правни недоследности и нејаснотии. Матична држава е држава каде што е секој роден, независно дали има после друго државјанство. Матична држава е Македонија за сите кои што се родени во Македонија. И за албанците и за македонците и за Турците, сите што се родени во Република Македонија. А, со тоа што ние кажавме дека е матична држава на Македонскиот народ фактички кажавме дека сите оние Македонци кои се родени надвор од територијата на Република Македонија дефинирана со границите во член 3 од Предлогот на уставот сме и го исклучиле правото да бидат припадници на тој македонски народ. Од тие причини сметав дека тој предлог не е прифатлив, меѓутоа, тргнувајќи од дефиницијата и предлогот за пристапувањето кон измените на Уставот сметам дека, нормално и досегашната определба во постојниот устав, сосема е издржана дефиницијата и предлогот што е усвоен едногласно во ова Собрание да Република Македонија се дефинира како држава на Македонската нација и држава на рамноправни граѓани, со што се дефинира и граѓанскиот карактер и принципот на граѓанска рамноправност, а и нормално да се укаже дека е држава на македонската нација, без никакви фрустрации,

предрасуди или било какви национал- шофинистички оптоварувања. Од тие причини сметам дека парламентот треба едногласно да го усвои овој Предлог со што ќе ги оствари своите определби од седницата кога го прифативме предлогот за пристапување на Уставот и кога се одлучивме да донесеме нов Устав на Република Македонија како самостојна суверена и независна држава.

Јас ви благодарам на вниманието, но сепак на крајот би сакал да укажам, бидејќи поголема група на^граѓани без намера да прејудицира на некои решенија, од надвор пред Собранието не повикаа во текот на седницата, од Гостивар и од Тетово изразувајќи вознемиреност кај македонците од овие општини по однос на однесувањето, работењето на парламентот за уставно правното дефинирање на Република Македонија. Без никакви желби за прејудицирање на решението, исходот од гласањето сметам и апелирам на сите пратеници дека оваа дефиниција, што е и дефиниција за предлогот на уставот би требало да биде прифатена за општо добро на Република Македонија и на сите кои живеат во Неа.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**

Прифаќајќи го во целост образложението на пратеникот Тодор Петров, го поддржувам неговиот амандман и ги повторувам неговите зборови. Ги молам пратениците да размислат, затоа што во претходниот амандман кој што веќе падна, а беше изгласан за член 1 во образложението како главно образложение беше дадено дека единствен проблем претставува зборот матична. Затоа и падна овој амандман. Во образложението децидно беше така кажано.

Во овој амандман нема такви терминолошки проблеми, како што беа дадени во претходниот амандман. Затоа уште еднаш апелирам и ги молам пратениците овој амандман да биде изгласан.

Сакам да кажам едно свое видување за начинот на гласањето. Имајќи го во предвид карактерот на документот што го донесуваме јас ги молам пратениците да не бидат воздржани при гласањето за одлучување за уставот на нашата држава. Овде може да биде некој за и против, а воздржан не може да биде кога се гради една држава.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Поддржувајќи го амандманот на господин Тодор Петров сакам да кажам неколку збора.

После војната имаме неколку устави. Со тие устави постепено како идеа се до 1989 година се поголеми и поголеми права се даваа на малцинствата. Со давање поголеми права сепаратизмот јакнеше. 1989 година , тогашниот Извршен совет, тогашното републичко раководство тогашниот парламент увиде дека се правени грешки поради што го изгласа амандманот 56 со кој тој отаклок на Македонија помеѓу Македонци, Албанци и Турци, се укина. Сега после две години свеста толку кај нас нарасна што ние пак се враќаме и да не биде и да немаме да е суверен само македонскиот народ. Со тоа искажуваме една несериозност. Испаѓа и несериозно Републичкиот раководство. Испаѓа несериозен овој Парламент, несериозна Владата. Затоа ве молам да не го разочараме народот, да работиме сериозно и да го изјасниме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, голем број од пратениците кои до сега учествуваа во расправата, мислам дека упорно настојуваат да не убедат нас пратениците што сме присутни овде на оваа седница на Парламентот, а веројатно, уште повеќе народот кој ја следи седницата на нашиот парламент, Дека во Уставот Македонија не е конституирана како национална држава на македонскиот народ. Јас го зедов со себе текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија и не сакам ни да коментирам ниту да убедувам ниту вас ниту граѓаните, туку едноставно ќе го прочитам што го пишува во текстот на Уставот. Па и вие па и самите граѓани сами нека си донесуваат заклучок од ова што е напишано и од она се предлага да биде усвоено. Значи ништо не дискутирам, ништо не предлагам, никого не убедувам само ќе прочитам.

Во преамбулата во ред 9 стои каква е држава Македонија. "Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ" и понатаму тоа кажува каква е државата, а понатаму одиме во член 1 на Уставот, нормативниот дел како е таа држава, Македонија, Република Македонија како држава суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господинот Богдан Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде изгледа некој 50 години лажеше. и тоа му остана во навика да почне и сега, бидејќи не можам да кажам дека лошо се изразив, да ме обвинува некој за мојот израз. Она што го прочита

господинот Ванчо Младенов, понатаму требаше да продолжи, а не да застане тука, зашто таму пишува каде "национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ, Албанците, Турците Власите и Ромите". И сега само момент подоле пишува тука под преамбулата Устав пишува (го покажува текстот на Уставот каде е напишан насловот и го дига високо спрема пратениците). Тука пишува Устав на Република Македонија не е над преамбулата туку пред преамбулата. Што значи? Јас сега можам овој лист да го искинам и сега кога ќе се цитира или некој кога ќе се повикува на член 1, 10, 12, никој нема да се повикува на преамбулата.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам да не се надмудруваме многу што е преамбула, што е нормативен дел од Уставот. Се знае. Но, јас во целост го поддржувам господинот Тодор Петров и мислам дека она што како предлог ни го даде нашиот ценет господин претседател, кој јас лично многу го ценам, а верувам и нашиот народ го цени доста, затоа што му обезбеди на некој начин мир во оваа војна што се води, граѓанска војна што се води, меѓунационална војна што се води во Југославија, мислам дека би требало сугестијата на претседателот да се прифати и ова Тодор Петров што го предложи да го изгласаме.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господинот Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина, мислам дека непотребно создаваме тензија и привид во јавноста дека имаме фундаментални разлики по едно многу клучно прашање. Јас немам причина никого да

убедувам, бидејќи јасно се декларираввме како партии кога влеговме во изборите, секој со својата програма предизборна. Мене не ми е сосема разбирливо и сфатливо зошто Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инсистира на тој дел. Немам ништо против, се разбира и господинот Петров од почеток.

Да кажам како јас гледам на овој проблем, и зошто се определив и можам да кажам и во име на пратеничката група зошто вака се определивме да гласаме за преамбулата. За мене континуитетот на нашата држава, на нашата државност е изразена во преамбулата и таа не почнува од нас. Јас не живеам во заблуда дека ние денеска ги удираме темелите на македонската национална држава и дека овој Парламент носејќи ја Декларацијата за сувереност на Македонија и овој Устав откако ќе го донесе дека ние ја направивме државата, македонска. Таа држава многу подлабоки корени ако и малку се натопени со крв. Мислам дека на сите ни е познато. За мене беше многу битно пред меѓународната јавност да се каже. Пред оваа македонска држава има историски континуитет повеќе ~ години наназад. Па затоа и рековме дека тргнувајќи од историскиот факт дека Македонија е национална дражва на Македонскиот народ. Тоа господинот Петров го цитираше од досегашниот устав на Македонија. Тоа е факт,неспорен факт во Македонија. Како што зборувавме дека Франција е држава на Французите, неспорно е дека Македонија, инаку би се викала со сосема некое друго име, а ако не е држава на македонскиот народ тоа е сосема јасно. Совршено е јасно.

За мене, мислам, паѓаме во некоја замка непотребно. Ако кажеме ние дека денеска правиме и со член 1 почнуваме од нас да градиме држава, национална држава на македонскиот народ, мислам директно влегуваме во една шема која што нашите соседи толку ја посакуваат, па тврдат и Грците и Бугарите, тек сега се јавуваат, кажуваат дека ќе ја признаеме Македонија како држава, непризнавајќи ја нацијата македонска. А Грците пак,дури не нарекуваат скопјани. Јас мислам дека вака директно одиме во функција на

една теза која во краен случај е контрапродуктивна за Македонија. Длабоко сум убеден дека правиме многу поголема грешка ако кажеме дека денеска градиме национална држава, отколку да кажеме дека постои во историјата и тој континуитет и државотворен и националниот карактер на Македонската држава, тоа е едно.

Второ, ако навистина, она што го чини Европа сакаме од Македонија да направиме заеднички дом на сите што живеат во Македонија без оглед на националната, верската припадност, разлики итн., мислам дека на сите ни е стремеж еден ден Европа да биде на нас сите заеднички дом. Мислам дека нема човек овде што не сака Македонците што живеат во Бугарија, а исто и македонците што живеат во Грција да се чувствуваат како рамноправни граѓани на таа држава. И нема никој Македонец што не сака македонците во овие земји, да не говорат на македонски јазик, да немаат образование на македонски јазик итн. итн.

Ако е трендот Европа да ја направиме без граници, за да се чувствуваме не како луѓе од прв, втор или трет ред, па зошто ние да правиме исклучоци в тој современ тренд во светот денес.

Според тоа, за мене е најсуштествено да кажеме дека оваа држава има корени, а тоа го кажуваме во преамбулата. А инсистирањето на национална држава во член 1, за мене, морам да кажам е подвала. Со тоа ништо не го гарантираме со голема сигурност македонскиот граѓанин, на македонците, ако кажеме во член 1 дека е тоа македонска држава на македонскиот народ и на сите други. Напротив, само создаваме раздор меѓу луѓето непотребно и ги доведуваме во заблуда дека сигурно ќе живееме спокојно, мирно, без никакви потреси и ќе има во оваа држава интензитет, ако тоа стои во членот 1. Напротив, мислам дека битен е континуитетот и за тоа се определувам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Еве ислушавме, а сега треба да гласаме. Молам', ова е прво гласање и гласањето е со дигање на рака.

Молам, кој е за предлогот на господинот,Петров, за неговиот амандман, нека крене рака? (42 гласа).

За амандманот гласаа 42 пратеника и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Бидејќи повеќе нема амандмани на членот 1, членот 1 го ставам на гласање.

Кој е за текстот на член 1, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За текстот на член 1 гласаа 74 пратеника.

Констатирам дека текстот на член 1 е усвоен.

Минуваме на членот 2.

За збор се јави господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Бидејќи членот 1 иако беше утврден со повторното надгласување е вратен. Со тоа настана една нова ситуација. Се создаде една апсурдна основа. Она што пред некој миг или пред еден ден сме го утврдиле, веднаш потоа или еден ден потоа да го измениме. Со оглед на тоа што^отпадна амандманот за националниот белег на Македонската држава, односно Република Македонија да биде држава на македонскиот народ и на граѓаните што живеат во неа, за што се залагавме и се залагаше нашата пратеничка група. Неприфатливо е за нас да ја поддржуваме нашата понатамошна практика да го негираме она што веќе сме го издвоиле.

Очигледно е она што го насетувавме и рековме на оваа седница дека постои договор меѓу партиите на Социјалдемократскиот сојуз на Реформските сили Либерална партија, на ПДП и НДП, практично и целосно се оствари пред Македонската јавност и пред сите нас. Ова јасно укажува како понатаму ќе се одвива понатамошниот процес на утврдувањето на Уставот како и по сите поднесени амандмани на ВМРО-ДПМНЕ. Бидејќи ова претставува нарушување на парламентарната демократија Пратеничката група на ВИРО-ДПМНЕ бара одлагање на седницата на Собранието на Република Македонија за два дена заради консултации со пошироката база и од овие причини ја напуштаме оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако барате одлагање немојте да ја напуштате. Ќе ја одложиме седницата. Инаку ве известувам, истото бараше ми го постави и Пратеничката група на ПДП.

Ја одлагаме седницата за два дена. Од мене се бараше да се одложи седницата.

(Седницата заврши во 21,05 часот)